01-3165/7
29.10.2021

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2020 ГОДИНА

Скопје, октомври 2021 година

СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........ 3
**ОРГАНИ НА ФОНДОТ** ........ 3
**ОСНОВНА ДЕЈНОСТ НА ФОНДОТ** ........ 5
**ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ** ........ 7
ПРОГРАМИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРИВАТЕН СЕКТОР ........ 7
ПЛАН ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СТОЛБ 3 ........ 7
ПРОЕКТ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ (ФИНАНСИРАН ОД СВЕТСКАТА БАНКА) ........ 11
ПОРТФОЛИО НА КОРИСНИЦИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ........ 12
АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТЕЊЕТО НА КОРИСНИЦИТЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ФОНДОТ ........ 17
ПРОГРАМИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И ИНОВАЦИИ – ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ........ 18
ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ 3 ........ 18
СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА И ИНДУСТРИЈАТА ........ 19
СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕДИЗВИЦИ ОД ПОСЕБЕН ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС ........ 20
ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ БИЗНИСИ ........ 22
**СУБЈЕКТИ ЗА ДАВАЊЕ ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДДРШКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ** ........ 23
**ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА АПЛИКАНТИ И КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ** ........ 25
**НАДЗОР, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРОЕКТОТ** ........ 26
**ДРУГИ ПРОЦЕСИ** ........ 27
**ПАРТНЕРИ** ........ 28
ПАРТНЕРИ ОД ДОМАШНИ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ ........ 28
СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРИ ........ 32
**ПРОМОЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА** ........ 37
**ОРГАНИЗАЦИЈА** ........ 39
ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА ........ 39
УПРАВУВАЊЕ ........ 44
**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ** ........ 50
**ЗАКЛУЧОК** ........ 52
**ПРИЛОЗИ** ........ 55

## ВОВЕД

Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст: „Фондот“) е правно лице основано според Законот за иновациската дејност, регистриран во Централниот регистар на Република Македонија со решение број 30120130043573 од 16.12.2013 година и матичен број 6920098.

Визијата на Фондот за иновации и технолошки развој е да биде централна институција за поддршка на одржлив економски развој преку поттикнување иновации и технолошки развој. За да ја оствари оваа визија, Фондот ќе реализира повеќе нови иницијативи во развивањето и во давањето финансиски и нефинансиски услуги за претпријатијата и со систематска и современа едукација и поддршка на сите релевантни чинители во општеството.

Мисијата на Фондот е поттикнување и поддршка на иновациската дејност во микро, малите и средните претпријатија со цел остварување забрзан технолошки развој, базиран на трансфер на знаење, на истражување за развој и на иновации што придонесуваат кон создавање нови работни места и за економски раст и развој, истовремено подобрувајќи ја бизнис-средината за развој на конкурентските способности на компаниите.

Во периодот од 1.1.2020 до 31.12.2020 година Фондот ги реализираше планираните активности во согласност со динамиката утврдена во Годишната програма за работа на Фондот за 2020 година и Годишниот финансиски план за 2020 година, кои се усвоени од Управниот одбор на 26.12.2019 година.

## ОРГАНИ НА ФОНДОТ

Органи на управување на Фондот се:

- Управен одбор;
- Комитет за одобрување инвестиции и
- Директор.

Владата на Република Северна Македонија ги именува и разрешува членовите на Управниот одбор, Комитетот за одобрување инвестиции и Директорот.

Во текот на 2020 година, како претседател и членови на Управниот одбор на Фондот се јавуваат следниве лица:

- ✓ Моника Јованова - дипломиран преведувач и толкувач од македонски на албански јазик и обратно (претседател на Управниот одбор);
- ✓ Пиштар Лутфиу - магистер од областа на политичките науки (член на Управниот одбор);
- ✓ Бранко Ничота - дипломиран инженер по електротехника и телекомуникации (член на Управниот одбор);
- ✓ Димитрија Анѓелковски - дипломиран економист (член на Управниот одбор);
- ✓ Дритон Зибери - дипломиран правник (член на Управниот одбор);
- ✓ Синиша Вељаноски – дипломиран правник и магистер по меѓународно право и меѓународни односи со положен правосуден испит (член на Управниот одбор);
- ✓ Калина Лечевска - доктор на социолошки науки (член на Управниот одбор) и
- ✓ Александар Стефановски- дипломиран новинар и менаџер за односи со јавност (член на Управниот одбор).

Во текот на 2020 година, составот на членовите на Управниот одбор претрпи промена:

- ✓ на членот на Управниот одбор на Фондот Дритон Зибери, мандатот му истече на 28.5.2020 година,
- ✓ на членот на Управниот одбор на Фондот Пиштар Љутфиу, мандатот му истече на 2.7.2020 година,
- ✓ на членовите на Управниот одбор на Фондот Моника Јованова, Бранко Ничота, Димитрија Анѓелковски мандатот им истече мандатот на 3.8.2020 година и
- ✓ од должноста член на Управниот одбор на Фондот е разрешен Александар Стефановски со решение бр. 20-10005/1 од 22.10.2020 година.

Со решение бр. 20-10007/1 од 22.10.2020 година, именувани се следниве членови на Управниот одбор на Фондот:

- ✓ Моника Јованова - дипломиран преведувач и толкувач од македонски на албански јазик и обратно (претседател на Управниот одбор);
- ✓ Пиштар Љутфиу - магистер од областа на политичките науки (член на Управниот одбор);
- ✓ Бранко Ничота - дипломиран инженер по електротехника и телекомуникации (член на Управниот одбор);
- ✓ Димитрија Анѓелковски - дипломиран економист (член на Управниот одбор);
- ✓ Дритон Зибери - дипломиран правник (член на Управниот одбор);
- ✓ Синиша Вељаноски - дипломиран правник и магистер по меѓународно прави и меѓународни односи со положен правосуден испит (член на Управниот одбор)
- ✓ Калина Лечевска - доктор на социолошки науки (член на Управниот одбор).

Заклучно со 31.12.2020 година Управниот одбор на Фондот брои 7 (седум) члена.

Членови на Комитетот за одобрување инвестиции во текот на 2020 година се:

- ✓ Кларис Бехар Молад - доктор на науки по глобален бизнис менаџмент – претседател;
- ✓ Дон Левис - магистер по бизнис и администрација;
- ✓ Никос Георгоулас - магистер по бизнис и администрација и финансии;
- ✓ Ноел Грегор Патерсон Џонс – магистер по менаџмент студии и
- ✓ Вибху Шарма - доктор на науки електроинженер и магистер по бизнис администрација.

На 28.11.2020 година им истече тригодишниот мандат на три члена на Комитетот за одобрување инвестиции, Кларис Бехар Молад - доктор на науки по глобален бизнис менаџмент – претседател, на Никос Георгоулас - магистер по бизнис и администрација и финансии и Дон Левис - магистер по бизнис и администрација.

На 24.11.2020 година беше објавен оглас за избор на 3 (три) членови на Комитетот за одобрување инвестиции при Фондот за иновации и технолошки развој.
Владата формираше Комисија за оцена и предлог-кандидати за избор на членови на Комитетот. Заради зголемување на транспарентноста и инклузивноста во владините постапки, во Комисијата за избор на членови на Комитетот за одобрување инвестиции беа вклучени и претставници од Стопанската комора на информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Стопанската комора на северозападна Македонија.

Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на 9.11.2020 година, по негово барање, го разреши Јован Деспотовски од функцијата директор на Фондот. На 10.11.2020 година Владата го именуваше Костадин Петров за в.д. Директор на Фондот за иновации и технолошки развој.

## ОСНОВНА ДЕЈНОСТ НА ФОНДОТ

Основна дејност на Фондот е обезбедување финансиска поддршка на претпријатија регистрирани во Република Северна Македонија, со цел поттикнување на иновациската дејност преку кофинансирани грантови кои се доделуваат на конкурентна основа.

Основните задачи на Фондот се следните:

- ✓ финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа;

- ✓ професионални и други работи во врска со прибавување средства во Фондот, управување со тие средства и нивно користење;
- ✓ посредување во врска со финансирањето на иновациската дејност и технолошкиот развој од средства на меѓународни организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата во согласност со приоритетите утврдени во стратегијата за иновации;
- ✓ водење база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот, идентификациски податоци за субјектите на кои им се одобрени средства, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност кои Фондот ги финансира, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација;
- ✓ поттикнување и создавање соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и други правни и физички лица, заради финансирање на иновациската дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори;
- ✓ избирање друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик, кое ќе управува со средствата на Фондот наменети за реализација за инструментите за еквити и мезанин инвестиции;
- ✓ основање Фонд за еквити и мезанин инвестиции и донесување статут и проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции;
- ✓ вложување почетен капитал за формирање приватен фонд и
- ✓ следење и евалуација на проектите на кои им се доделени средства, со цел развивање на претприемничко општество во Република Северна Македонија.

Во текот на 2020 година, Фондот своите задачи ги исполнуваше преку:

- ✓ доделување финансиска поддршка за инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој“ преку редовна и скратена постапка, врз основа на јавен повик објавен на 13.12.2019 година со рок на аплицирање до 10.2.2020 година за редовна постапка, односно до 27.12.2019 година за скратената постапка;
- ✓ доделување финансиска поддршка за инструментот „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф“ по основ на јавен повик „Стартапувај 2“ објавен на 25.12.2019 година, со рок на аплицирање до 15.3.2020 година;
- ✓ доделување финансиска поддршка преку јавниот повик за финансирање истражувачки проекти во основните и средните училишта „Предизвик за млади истражувачи 3“, објавен на 24.1.2020 година, со рок на аплицирање до 06.04.2020 година;
- ✓ доделување финансиска поддршка преку Јавен повик О2 Предизвик 2 „Справување со климатските промени“, објавен на 6.3.2020 година, со рок на аплицирање до 20.07.2020 година;

- доделување средства преку јавен предизвик „КРЕАТОН - Остани дома, спаси живот, биди креативен, помогни“ (19.3.2020 г. – 22.3.2020 г.)
- доделување финансиска поддршка преку јавен повик за инструментот на поддршка „Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19“, објавен на 29.5.2020 година, со рок на аплицирање до 3.7.2020 година;
- доделување финансиски средства преку Иновациски ваучери, преку јавен повик објавен на 1.10.2020 – 14.10.2020 година;
- доделување средства преку јавен повик за предизвик „КОВИД-19 брза реакција - Дигитализација на услугите на локалната самоуправа“, објавен на 2.10.2020 година, со рок на аплицирање до 19.10.2020 година;
- следење и промоција на проектите финансирани од страна на Фондот;
- остварување соработка со сродни институции и други домашни и меѓународни партнери;
- креирање нови мерки за поддршка во насока на поттикнување на иновативната дејност и технолошкиот развој.

Фондот во текот на 2020 година остваруваше приходи од:

- средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
- средства во износ од 1 % од вкупните средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој;
- Законот за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, по Договорот за заем за проектот за развој на вештини и иновации;
- средства од Фондот за еквити и мезанин инвестиции;
- донации;
- приходи од комерцијализација на иновации (ројалти);
- други извори во согласност со закон.

Во продолжение се прикажани дел од основните програми/проекти на Фондот, кои беа реализирани во 2020 година.

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

## ПРОГРАМИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

## ПЛАН ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СТОЛБ 3

Фондот, како носител на третиот столб од Планот за економски раст на Владата на Република Северна Македонија за поддршка на развојот на микро, мали и средни претпријатија (во понатамошниот текст: „ММСП"), а во координација со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, континуирано работи на активности поврзани со спроведување на столб 3 од Планот за економски раст.

Станува збор за предлог-мерки за поттикнување на инвестициите, извозот и конкурентноста на македонската економија, и тоа:

(а) Мерка 1: Поддршка на микро, мали и средни претпријатија (во понатамошниот текст ММСП) со тенденција на брз пораст („Газели");

(б) Мерка 2: Посебна (дополнителна) финансиска поддршка за ММСП;

(в) Мерка 3: Финансиска поддршка за подобрување на иновативноста;

(г) Мерка 4: Финансиска поддршка за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица и

(д) Мерка 5: Создавање амбиент и изработка на законски основи за развој на ризичен капитал и „Бизнис ангели".

Мерките од Планот за економски раст, столб 3 се спроведуваат преку следните инструменти за поддршка:

- ✓ Кофинансирани грантови за технолошки развој;
- ✓ Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста;
- ✓ Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса на нововработени млади лица и
- ✓ Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19 кризата.

Мерка 1 и Мерка 2 се реализираат преку инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој" (скратена и редовна постапка). Со цел да се олесни постапката за апликанти чии предлог-проекти не биле одобрени за финансирање од страна на Комитетот за одобрување инвестиции, а ја поминале фазата на административна проверка и фазата на претселекција, беше овозможено да аплицираат на јавен повик по скратена постапка со истиот, односно подобрен предлог-проект со кој учествувале на претходен јавен повик на Фондот. За таа цел беше објавен јавниот повик за инструментот **„Кофинансирани грантови за технолошки развој – скратена постапка"** на 13.12.2019 г., а затворен на 27.12.2019 г. Од пристигнати 45 апликации, одобрени се 33 предлог-проекти, во вкупен износ на финансиска поддршка од ФИТР од 2.207.661,78 евра. (линк со добитни апликации: https://fitr.mk/wp-content/uploads/2020/07/Tabela-Tehnoloshki-razvoj_31.07.pdf).

Јавниот повик за инструментот **„Кофинансирани грантови за технолошки развој – редовна постапка“** чија цел е да се обезбеди финансиска поддршка за технолошки развој на претпријатија и приватни здравствени установи, беше објавен на 13.12.2019 г., со рок на аплицирање до 10.2.2020 година. На овој повик се примени 76 апликации, а одобрени се 38 предлог-проекти во вкупен износ на финансиска поддршка од ФИТР од 2.015.344,66 евра. (линк со добитни предлог-проекти по овој повик: https://fitr.mk/wp-content/uploads/2020/10/Tabela-Tehnoloshki-razvoj_6.pdf)

**Спроведена анализа 1:** Како резултат на кризата предизвикана со пандемијата од КОВИД-19, а со цел излегување во пресрет на потребите за поддршка на приватниот сектор, ФИТР подготви образец за самопроцена на ризиците со кои се соочуваат компаниите во своето работење и предлог-мерки за митигација на ризиците. Повеќе од 250 компании учествуваа во анализата (околу 70 % од ФИТР портфолио во тој момент). Анализата се фокусираше на следните идентификувани ризици: проектен тим, канали на набавка, организација на работата, финансиска стабилност, побарувачката и пазарот и сл.
Врз основа на анализата на ризиците, идентификувани се и мерките за митигација предложени од страна на приватниот сектор, ФИТР ги презема следните мерки со цел олеснување на условите на функционирање за корисниците: можност за одложување на обврска за плаќање на ројалти, промена и модификација во нивните планови за инвестиции (пролонгирање на проектот, времено замрзнување на проектот, промена на условите на проектот и сл.)
Резултатите од анализата се објавени на следниот линк: https://fitr.mk/wp-content/uploads/2020/04/PREZENTACIJA-FITR.pdf .

Како директен одговор на потребите за финансиска поддршка на приватниот сектор заради кризата предизвикана од пандемијата на КОВИД-19, ФИТР изработи нов инструмент за поддршка на приватниот сектор **„Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19“**. Целта на овој Инструмент е да се обезбеди финансиска поддршка за технолошки развој на претпријатија и приватни здравствени установи за надминување на последиците од КОВИД-19, при што Фондот обезбедува до 70 % финансирање со различни износи на поддршка, зависно од големината на апликантот (12.000 евра за микро, 25.000 евра за мали и 50.000 евра за средни компании). Инструментот е изработен во консултација и за истиот е добиено мислење и од партнерите од Светската банка. Повикот за овој инструмент на поддршка е објавен на 29.05.2020 година а рокот на аплицирање беше до 3.7.2020 г. Наедно, овој инструмент е дел од третиот сет на владини мерки за борба против последиците од кризата предизвикана од КОВИД-19 пандемијата. На овој повик пристигнаа 166 апликации, од кои вкупно 87 проекти се наградени со вкупен износ на поддршка од околу 1,6 милиони евра). Резултатите по финалната селекција се на следниот линк: https://fitr.mk/wp-content/uploads/2020/09/Prezentacija-rezulati-Kovid-19.pdf .

При креирање на инструментот, ФИТР за прв пат и официјално во евалуацијата го вклучи поткритериумот за рамномерен регионален развој и рамномерна застапеност на жени управителки/сопственички на претпријатија. Овие поткритериуми се воведени во рамките на критериумот „Влијание" и ќе придонесуваат за зголемување на учеството на претпријатија со жени управителки/сопственички во вкупното портфолио на ФИТР и намалување на јазот во застапеност на регионите во вкупното портфолио на ФИТР.
Исто така, направена е модификација во механизмот за поврат бидејќи основ за поврат станува оперативната добивка на претпријатието корисник, а не приходите остварени од продажба на производот/услугата или процесот кој е финансиран преку ФИТР.

**Спроведена анализа 2:** Истражување на ФИТР по првиот циклус од инструментот за финансиска поддршка за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19.
Во текот на третиот квартал од 2020 година (q3), а со цел обезбедување дополнителна поддршка на приватниот сектор, ФИТР во соработка со стопанските комори, во периодот од 24 јули до 20 август, спроведе анализа преку прашалник за утврдување на видот финансиска поддршка што им е потребна на компаниите од приватниот сектор за надминување на кризата. Во анкетата учествуваа 256 домашни компании (линк до наодите од анкетата https://fitr.mk/wp-content/uploads/2020/09/Analiza-prasalnik-final.pdf). Од нив во најголем дел се микро 57 % (145) и мали 31 % (79), но свој придонес дале и 10 % (26) средни и 2 % (6) големи претпријатија. Преку анкетата беше направена евалуација и анализа на повеќе индикатори поврзани со финансиската поддршка: висината на финансиската поддршка, процените на ризик од инвестиции, процесот на аплицирање, техничката помош, достапноста на услугите на ФИТР, механизмот на поврат и критериумите за евалуација. Анализата од анкетата, која ја спроведе ФИТР по првиот циклус од инструментот за финансиска поддршка за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19, покажа дека домашните компании се подготвени да започнат со инвестиции во време на актуелната криза, бидејќи вакво прилагодување им е неопходно за опоравување и понатамошно функционирање. Над 50 % од компаниите сметаат дека моментот за вложување е соодветен. Како резултат на направената анализа од препораките добиени од приватниот сектор, ФИТР пристапи кон креирање на нов инструмент за поддршка „Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст" за кој е планиран нов повик за финансиска поддршка до крајот на 2020 година. Заклучно со 31.12.2020 година портфолиото на Фондот брои 291 одобрени предлог-проекти по основ на инструментите за поддршка од Планот за економски раст, столб III.

Од вкупниот број одобрени предлог-проекти, 107 предлог-проекти се по инструмент за поддршка „Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста", 89 предлог-проекти се по инструмент за поддршка „Кофинансирани грантови за технолошки развој" и 95 предлог-проекти се по инструмент за поддршка „Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19" .

## ПРОЕКТ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ (ФИНАНСИРАН ОД ЗАЕМ ОД СВЕТСКАТА БАНКА)

Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, финансиран преку заем од Светската банка, а имплементиран преку Министерството за образование и наука, има за цел подобрување на транспарентноста на распределувањето на ресурсите и унапредување на отчетноста во високото образование, како и подобрување на релевантноста на средното техничко стручно образование и поддршка на капацитетот за иновации во Република Северна Македонија.

Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации беше со рок на реализација до 30 јуни 2020 година, но заради последиците од кризата предизвикана од КОВИД-19 пандемијата истиот е продолжен до 31 април 2021 година.

Реализацијата на Проектот во износ од 17.7 милиони евра ја сочинуваат следните компоненти:

1) подобрување на транспарентноста на високото образование;
2) модернизација на средното техничко стручно образование и обука и
3) подобрување на капацитетот на иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации.

Во рамки на Проектот, Фондот се јавува како носител на третата компонента „Подобрување на капацитетот за иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации“.
Од вкупниот буџет на Проектот (17.7 милиони евра), буџетот за третата компонента, чиј носител е Фондот и чија цел е финансиска поддршка на претпријатија по основ на четирите инструменти наведени подолу, изнесува 9.159.750,00 евра.

Како резултат на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, Фондот разви и обезбедува финансиска поддршка преку 4 (четири) инструменти за поддршка на приватниот сектор:

1) кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
2) кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации;
3) кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и
4) кофинансирани грантови за технолошка екстензија.

Во текот на 2020 година се реализираше јавниот повик за инструментот за поддршка „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф“. Повикот беше објавен на 25.12.2019 г., а рокот за аплицирање беше до 15.3.2020 г.

Инструментот има за цел да го поттикне нивото на иновативност преку обезбедување на неопходната финансиска поддршка за активности на истражување и развој на „старт-ап“ и „спин-оф“ претпријатија. Дополнително се очекува со овој инструмент да се поттикне културата на преземање ризик и иновација, и да се обезбеди поддршка за претпријатијата кои сакаат да развијат нов или подобрен производ, процес или услуга. На повикот пристигнаа 235 апликации, од кои 85 се добитни, во вкупен износ на финансиска поддршка од страна на ФИТР од 2.280.259,09 евра. (линк со добитни предлог-проекти: https://fitr.mk/wp-content/uploads/2020/10/FITR-Tabela_Startapuvaj_01.102020.pdf).

Вкупниот број на проекти поддржани врз основа на горенаведените инструменти, заклучно 31.12.2020 година, изнесува 186 одобрени предлог-проекти, финансирани само од заемот од Светската банка, како и 78 одобрени предлог-проекти финансирани од комбинирани средства од Светската банка и Буџетот од Планот за економски раст - столб 3.

## ПОРТФОЛИО НА КОРИСНИЦИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР (заклучно 31.12.2020)

Вкупното портфолио на Фондот за иновации и технолошки развој, заклучно со 31.12. 2020 година, по основ на сите три извори на финансиска поддршка на претпријатијата (План за економски раст (столб III), Проект за поддршка на вештини и иновации (Заем од Светската банка) и комбинирана програма (ПЕР + Светска банка)) изнесува вкупно 572 одобрени предлог-проекти.

Во табелата подолу се прикажани статусите на одобрените предлог-проекти:

| Статус на проект | Број на проекти |
|---|---|
| Тековен проект | 360 |
| Во фаза на потпишување на договор | 50 |
| Завршен проект | 124 |
| Во фаза на одобрување на завршен извештај | 14 |
| Откажан проект | 13 |
| Условно одобрен | 4 |
| Незапочнат проект | 4 |
| Замрзнат проект | 3 |
| Вкупно | 572 |

Вкупното портфолио на Фондот изнесува 75.790.485,16 евра при што износот на финансиска поддршка од страна на Фондот е 42.562.803,15 евра, додека сопственото кофинансирање на компаниите изнесува 33.227.682,01 евра, односно:




Портфолиото прикажано аналитички според инструмент на поддршка е следното:




Во табелата подолу е прикажан инвестираниот износ од Фондот според инструмент на поддршка:




Вкупното портфолио на Фондот, анализирано според големина на поддржаните субјекти, е следно:




Аналитика на портфолиото според поддржани сектори:




Аналитика на портфолиото според седиште на поддржаните корисници:




Аналитика на портфолиото според регион на поддржаните корисници:




Аналитика на портфолиото според учество на старт-ап компании по волумен и број:






Портфолиото анализирано според бројот на корисници кои имаат сопственик и/или управител жена е:




## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТЕЊЕТО НА КОРИСНИЦИТЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ФОНДОТ

Во првите два квартала од 2020 година Фондот направи анализа на финансиското работење на дел од корисниците на поддршка од страна на ФИТР. Во анализата беа опфатени 204 компании кои заклучно до крај на 2019 година добиле финансиска поддршка од Фондот. При анализата се утврдени следните индикатори по кои се прави истата и се прави споредба на порастот на индикаторите по години, група на повици и се генерира пондериран просечен раст за секој од следните избрани индикатори:

1. Приходи од работење:
- Просечен раст на приходите.

2. Нето-добивка
- Просечен пораст на нето-добивка,
- Просечен број на компании кои остваруваат нето-добивка,
- Просечен пораст на бројот на компании кои остваруваат добивка,
- Просечна профитна маргина (добивка како % од приходите).

3. Вработени
- Просечен број на вработени по година,
- Вкупен број на новоотворени работни места по година.

4. Плати

- Просечен износ на месечна плата по година,
- Релативен годишен пораст на месечната плата по година.

5. Вкупно уплати во државниот буџет по основ на: придонеси од социјално осигурување, даноци и надоместоци на плата и данок на добивка,
- Износ на уплати во буџетот по година,
- Релативен годишен пораст на уплатите во буџетот по година,
- Соодност помеѓу вкупно уплати во буџетот споредено со исплати од буџетот за корисниците – по година.

Во согласност со порастот на бројот на корисници, анализата на корисниците ќе продолжи и во иднина со проширување на методите на анализа, со цел утврдување на ефектите од државната поддршка на приватниот сектор.

## ПРОГРАМИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И ИНОВАЦИИ – ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

### ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ 3

Јавниот повик за „Предизвик за млади истражувачи 3" беше објавен на 24.1.2020 година и беше отворен до 6.4.2020 година. Целта на предизвикот е да ги поттикне учениците слободно да размислуваат и да наоѓаат креативни и иновативни решенија за проблемите и прашањата со кои секојдневно се соочуваат. Дополнително предизвикот придонесува да се поттикнат наставниците и наставничките, ученичките и учениците да
ги препознаат способностите, да ги усовршуваат своите вештини и да соработуваат во насока на остварување на заедничките цели. Повикот беше отворен за тимови од ученици од сите основни и средни училишта и се однесуваше на финансирање на предлог-проекти кои опфаќаат истражувачки активности со примена на „научен метод".
Од вкупно поднесените 58 предлог-проекти (28 основни и 30 средни училишта), одобрени за финансирање беа 39 истражувачки проекти, од кои 20 наградени се од основни, а 19 проекти се од средни училишта. Опфатени се речиси сите области од природните и техничките науки, а предничат предлог-проектите поврзани со биологија, физика и хемија. Доделените средства за овој предизвик беа во вкупен износ од над 6.000.000 (шест милиони) денари.
Во текот на 2020 година, до 10.3.2020 година, се спроведуваа и проектите наградени по „Предизвикот за млади истражувачи 2" објавен во 2019 година. Но, заради прекинување на воспитно-образовниот процес во сите основни и средни училишта како резултат на КОВИД-19, извршувањето на обврските од Договорите за спроведување на овие проекти

беа ставени во мирување. На 2.11.2020 година, Управниот одбор на Фондот донесе Одлука со која се овозможуваат промени при спроведување на проектите одобрени за финансирање под јавниот повик за финансирање проекти во основните и во средните училишта „Предизвик за млади истражувачи 2“ и јавниот повик за финансирање проекти во основните и во средните училишта „Предизвик за млади истражувачи 3“, со цел усогласување со новонастанатите околности и измените во релевантната регулатива. На 3.12.2020 година беше организирана инфо сесија за сите ментори на наградените училишта по „Предизвикот за млади истражувачи 2“ и им беа презентирани олеснувањата и можностите за прилагодување на проектите кон новонастанатите околности како последица на КОВИД-19, со цел истите да продолжат до успешна реализација.

## СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА И ИНДУСТРИЈАТА

### Кофинансирани грантови за соработката помеѓу академската заедница и индустријата

Од страна на Фондот, во 2019 година беше поднесен предлог-проект за обезбедување техничка помош преку ЕУ фондовите за обезбедување експертиза за дизајнирање на оваа мерка. Овие кофинансирани грантови ќе бидат наменети за пилотирање на кооперативни проекти помеѓу академската заедница и индустријата. Мерката предвидува поддршка на активности за истражување и развој кои би се спроведувале главно во високообразовните институции и истражувачките центри, а кои имаат практична примена во индустријата и одговараат на потребите на бизнисот. Во 2020 година ФИТР доби одобрување на техничка помош од International Service Facility of the European Commission за дизајнирање грант-шема за колаборативни проекти помеѓу академската заедница и индустријата. Активностите на тимот експерти започнаа во 2020 година и ќе продолжат во текот на 2021 година. Се очекува, врз основа на извештајот и препораките, Фондот да ја пилотира новата мерка за поддршка до крајот на 2021 година.

Во рамки на проектот „Платно за иновации: Пат кон зајакнување на националниот иновациски екосистем“ беше изработена „Студија на одржливост за креирање и имплементација на инструменти за иновациски политики“, која имаше за цел да ги анализира постојните мерки за поддршка и да ги идентификува преклопувањето и слабостите во националниот иновациски екосистем. Главен недостаток кај мерките за поддршка на иновации, истражување и развој беше идентификуван кај трансферот на знаење помеѓу јавниот и приватниот сектор, како и кај соработката помеѓу академската заедница и индустријата. Со цел да се премостат овие недостатоци, Фондот во 2019 започна со подготовка на следните мерки за поддршка:

**Иновациски ваучери**

Иновациските ваучери претставуваат финансиски поттик кој претпријатијата го користат да покријат дел од трошоците за услугите кои ги нудат академските и научноистражувачките институции. Развојот на нови производи, процеси и услуги е во директна релација со процесот на иновација. Иновациските ваучери овозможуваат директен финансиски стимуланс и трансфер на знаење, со што се зголемува динамиката на развојот на производите и услугите, како и нивниот пласман на пазарот. Целта на Иновациските ваучери е да се поттикне соработката помеѓу претпријатијата и академските и научноистражувачките установи во насока на спроведување иновациски активности, со што претпријатијата ќе ја зголемат својата конкурентност.

На 1.10.2020 година Фондот за иновации и технолошки развој објави прв „Јавен повик за доделување финансиски средства преку Иновациски ваучери" и истиот беше отворен сè до исцрпување на средствата од буџетот определени со јавниот повик. Од вкупно 71 поднесена апликација, до затворање на јавниот повик беа разгледани вкупно 55 апликации до исцрпување на буџетот на јавниот повик. Од вкупно разгледани 55 апликации, на 34 апликанти им беа доделени финансиски средства преку Иновациски ваучери. Според карактеристиките на претпријатијата на корисниците: 16 се микро претпријатија, 15 се мали претпријатија и 3 средни претпријатија. Во однос на добавувачи на услугите најзастапени беа: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола.
Апликациите донесени по последната одобрена апликација (бр. 55) ќе бидат разгледувани како првопристигнати по наредниот јавен повик.
Доделените средства по овој јавен повик беа во вкупен износ од 15.000.000 (петнаесет милиони) денари.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕДИЗВИЦИ ОД ПОСЕБЕН ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС

Во текот на 2020 година, Фондот продолжи со спроведување на тековните предизвици на теми од посебен општествен интерес.

- ✓ ***О2 предизвик 2 „Справување со климатските промени"***

Водејќи се од тоа дека климатските промени се глобален проблем, се јави и потребата од дополнителни напори и внимание за да се промовираат најдобрите практики за адаптација и да се поддржи развојот на конкретни мерки за надминување на овие проблеми преку иновативни идеи и акции кои ќе поттикнат решавање на проблемот. Затоа, во соработка со повеќе институции, како Министерството за животна средина и

просторно планирање, Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Кајама, Центарот за одржлив дизајн од Израел заедно со Дан Оријан – Амбасадорот на Израел во Република Северна Македонија и Директор на Државите од Балканскиот Регион при Министерството за надворешни работи на Израел, и Министерството за надворешни работи на Израел и Македонија 2025, кон средината на 2020 година Фондот го објави О2 Предизвик 2 „Справување со климатските промени". Со овој повик се отвори можност за воспоставување партнерства од регионот на Западен Балкан (WB6) во кој спаѓаат Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово и Албанија.

Вкупниот предвиден буџет за повикот беше во износ од 81.300 ЕУР (5.000.000 МКД), а вкупно одобрените средства за прворангираните два проекта (за финансирање од страна на Фондот) се во износ од 56.512 ЕУР. Заклучно со 20.07.2020 година на повикот беа пријавени вкупно 39 апликанти. Резултатите од фазата на селекција, со описи на наградените проекти, се достапни на следниот линк https://fitr.mk/wp-content/uploads/2020/10/O2-TABELA_7.pdf. Потпишување договор се очекува во почетокот на 2021 година со апликантот „Гринагро". Покрај финансирањето од страна на Фондот, партнерите на овој проект обезбедија и специјални награди: студиско патување во Израел за претставници од 5 компании и менторство за претставници од 3 компании.

Проектите во рамки на јавниот повик за финансирање проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – О2 Предизвик, се веќе реализирани. Проектот на Здружението „Ајде Македонија", во рамките на „Предизвик за иновативно решение за обезбедување на #Оброк за сите", е во завршните фази на негова реализација.

- ✓ **Јавен повик за предизвик: „КРЕАТОН – Остани дома, спаси живот, биди креативен, помогни"**

Во околности на зајакнати мерки за превенција од ширењето на КОВИД-19 вирусот, кои наметнуваат значителна промена на дневната рутина, ФИТР објави онлајн предизвик – **Креатон, под мотото „Остани дома, спаси живот; биди креативен, помогни".** Повикот беше отворен за поединци и организации со цел прибирање идеи за развој на дигитални и други алатки и решенија, наменети за сите старосни групи и категории граѓани за побезбедно и поквалитетно справување со новонастанатите и ограничувања од времен карактер, а, од друга страна, би имале примена и по завршување на вонредните услови. Јавниот повик е спроведен во партнерство со Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија, УСАИД, УНДП, УНИЦЕФ, МАСИТ и други партнери /експерти кои беа членови и на Комисијата за оценување и избор. Предизвикот беше објавен на 19.3., а затворен на 22.3.2020 г., со што заинтересираните апликанти имаа само 72 часа да излезат со креативно решение. Вкупниот буџет кој беше обезбеден за предизвикот беше 10.000.000,00 (десет милиони) денари, со максимален износ по апликација од 10.000,00

евра во денарска противвредност. На предизвикот се пријавија 512 апликанти со свои предлог-концепти /решенија во повеќе различни области, а за финансирање беа избрани вкупно 17 проекти. Линк до наградените решенија: https://fitr.mk/wp-content/uploads/2020/05/PREZENTACIJA-NA-IZBRANI-RESHENIJA-KREATON-2020.pdf

- ✓ **Јавен повик за предизвик: КОВИД-19 брза реакција за дигитализација на услугите на локалната самоуправа**

**Дигитализацијата на јавните услуги** е процес кој зема замав со подемот на информациските технологии. Воведувањето дигитални јавни услуги овозможува транспарентност, отчетност и еднаков, побрз и полесен пристап до јавните услуги за граѓаните и сите релевантни чинители. Во услови на зголемена потреба за брзо економско заздравување од последиците предизвикани од пандемијата на КОВИД-19 и подобрување на квалитетот на живеење во новонастанатите услови, дигитализацијата на услугите добива особено значење, посебно кога станува збор за јавните услуги на локално ниво.

Поаѓајќи од ова, Фондот за иновации и технолошки развој (Фондот) во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) објави повик за финансирање проекти за обезбедување дигитални решенија / алатки кои ќе се воведат во секојдневното работење на пет општини во Република Северна Македонија.

Јавниот повик е реализиран во периодот од 2.10.2020 до 19.10.2020 година, а а учествуваа 13 домашни компании, од кои беше избрана една компанија како добитник на финансиската поддршка. Средствата за повикот во износ од 4 милиони денари, ги обезбедува УНДП, а спроведувањето и менаџирањето на предизвикот му е доверено на Фондот и ќе се врши со користење на успешно воспоставените процедури и капацитетите на Фондот за иновации и технолошки развој. Е-платформата се планираше да биде изработена за максимум 30 дена и беше имплементирана до крајот на годината.

## ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ БИЗНИСИ

Иницијативата се спроведува преку поддршка на невработени лица со цел започнување сопствен бизнис. Дел од програмата беше наменета за самовработување на лица преку основање на брзо растечки иновативни компании.

Дваесет и два проекти од млади претприемачи со потенцијал за брз пораст веќе започнаа со реализација преку Програмата за самовработување за 2019 година, што ја реализира Агенцијата за вработување, во соработка со УНДП и Фондот за иновации и технолошки развој. Од нив, 21 претприемач основаа компанија, сите кандидати во текот на 2020 година добија менторска поддршка од страна на ФИТР, која дополнително резултираше со двајца добитници на јавниот повик „Кофинансирани грантови за новоосновани компании старт-ап и спин оф“ ( Стартапувај#2 ), и еден добитник на

јавниот повик „Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19". Во 2020 година, според комисијата на ФИТР, избрани се 8 кандидати кои влегоа во ИН групата и ќе добијат менторска поддршка по регистрирање на претпријатијата.

## СУБЈЕКТИ ЗА ДАВАЊЕ ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДДРШКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ

### Фонд за мезанин и еквити инвестиции (во понатамошниот текст „ФЕМИ")

Во третиот квартал од 2019 година, Фондот стана корисник на техничка помош која ќе трае до првиот квартал на 2021 г., „Innovation and Competitiveness Ecosystem TA", финансирана од „Good Governance and Investment Climate Reform - (GGICR)", а спроведувана од Канцеларијата на Светската банка во Скопје. Целта на предложениот проект е да го направи екосистемот за иновации и компетитивност поефективен на ниво на приватен сектор. Ова ќе биде од корист за економијата на Северна Македонија преку подобрување на способностите на фирмите за иновации, што ќе придонесе за зајакнување на економскиот раст и создавање работни места. Оваа поширока цел ќе се постигне преку неколку канали:

(i) Аналитика потребна за да се увиди како да се подобрат инструментите за иновации и институционалната поддршка (компонента 1);
(ii) Прилагодувања во дизајнирањето на инструментите за иновации со цел да се фокусираат на market failures и критичните потреби на компаниите (компонента 2);
(iii) Подобрувања во институционалните структури, правните рамки и капацитетот на владините институции кои ги спроведуваат инструментите на поддршка (компонента 2);
(iv) Подобрувања во правната рамка за ризичен капитал (компонента 3) и
(v) Развој на посилен pipeline од фирми кои имаат капацитет да иновираат и можат да имаат корист од инструментите, поширока транспарентност, пристап до информации и граѓански ангажман (компонента 4).

Во текот на 2020 година преку оваа техничка помош се разгледуваа механизмите за основање Фонд на фондовите (Fund of funds) под водство на експертите од Светската банка и започна процес на идентификување на законски измени во делот на инвестициската регулатива со цел овозможување услови за создавање ваков фонд како хибридна форма на еквити финансирање во текот на 2021 година.

## Деловно-технолошките акцелератори

Во втората половина на 2018 година Фондот за иновации и технолошки развој, во соработка со Светската банка, за првпат додели средства за поддршка на три бизнис акцелератори за млади. Со формирање на овие бизнис акцелератори, избраните корисници (деловни акцелератори) развија програми за менторство и развој на старт-ап компании за млади, вклучително и финансиска поддршка за развивање на брзо растечки бизниси кои ќе креираат високо платени работни места. Со програмите, посебен фокус е ставен на младите претприемачи кои, преку оваа конкретна менторска и финансиска поддршка базирана на меѓународни искуства, добиваат можности кои се нудат во другите развиени земји. Активностите на деловните акцелератори започнати во 2019 година ќе продолжат и во наредниот период.
Иако под очекувањата, во 2020 година во два од трите акцелератори се направени и првите инвестиции кон крајните корисници. ФИТР очекува дека во наредната година акцелераторите ќе покажат поголема спремност за прифаќање ризик со што значително би се зголемил бројот на инвестиции.

## Научно-технолошки парк

Фондот за иновации и технолошки развој на 20.2.2019 официјално го претстави концептот на новиот Научно-технолошки парк (во натамошниот текст „НТП“) во Скопје. На јавниот настан се обратија еврокомесарката за дигитална економија и општество Марија Габриел, претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски, како и директорот на Фондот Јован Деспотовски. Научно-технолошкиот парк ќе се гради во три фази. Во рамките на истиот настан беше отворен Деловно-технолошкиот акцелератор УКИМ за млади претприемачи и иноватори, кој е дел од првата фаза од Научно-технолошкиот парк. Акцелераторот е сместен во кампусот на техничките факултети во Скопје, а за оваа намена Фондот, во соработка со Светската банка, ги обезбеди првите половина милион евра инвестиции. Втората и третата фаза на Научно-технолошкиот парк предвидуваат изградба на нови згради и лаборатории, кои се очекува да бидат завршени до 2024 година (втора фаза), односно до 2027 година (трета фаза).

Концептот беше развиен врз база на Студијата за изводливост подготвена со финансиска и техничка поддршка од Делегацијата на ЕУ во Скопје, а ја изработи тим од меѓународни експерти. Вкупната проценета инвестиција во Научно-технолошкиот парк за сите три фази е околу 80 милиони евра. Инаку НТП е иницијатива на Владата на Република Северна Македонија, а се спроведува од страна на Фондот и Министерството за информатичко

општество и администрација. НТП има за цел забрзан економски раст и побрз приклучок кон светските економски и општествени текови. Научно-технолошкиот парк е простор кој под еден кров нуди инфраструктура, услуги и пристап до финансии што ќе поттикнат раст базиран на ризик, знаење и иновации. Истовремено, Паркот ќе биде место за воспоставување контакт и соработка помеѓу академската заедница, студентите, бизнисите и инвеститорите.

Во 2020 година, заради новонастанатата ситуација со КОВИД-19, оваа мерка беше во мирување.

## ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА АПЛИКАНТИ И КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ

Во текот на повиците за инструментите за поддршка на приватниот сектор за „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф", како и за инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој", на потенцијалните апликанти им беше овозможена техничка помош од домашни консултанти на четири теми поврзани со иновациите и општите услови на јавните повици. Понудени области за техничка помош за апликанти и корисници на Фондот беа: Иновациски менаџмент, Анализа на пазар, Изработка на предлог-проекти и Истражување потенцијал за заштита на правото на индустриска сопственост. Во рамките на овие консултации беа опфатени околу 120 компании потенцијални апликанти на двата повика.

Наедно, по потпишување на договорите со компаниите корисници од повикот „Стартапувај" за инструментот „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф" (вкупно 47 компании), започна процесот на процена на потребите (needs assesment) по кој следуваа, во два наврата, индивидуални менторски сесии за компаниите корисници.

Освен финансиска поддршка, Фондот за иновации и технолошки развој овозможува и менторска обука за своите корисници. Оваа година менторските обуки претежно се одвиваа онлајн заради новонастанатата ситуација со пандемијата КОВИД-19 и беа на следниве теми:

1.Бизнис планирање,

2.Маркетинг и маркетинг стратегија,

3.Пристап до финансии,

4.Продажба и интернационализација,

5.Оперативен менаџмент- сметководство, усогласеност,

6.Оперативен менаџмент- човечки ресурси,

7.Иновативен менаџмент,

8.Интелектуална сопственост,

9.Комуникации & ПР,
10.Проект менаџмент.

Во обуката беа вклучени 120 корисници на финансиска поддршка на ФИТР, како и 21 компанија од ИН групата.

## НАДЗОР, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРОЕКТОТ

Целта на надзорот е да се следи напредокот на проектот и спроведувањето на планираните активности, да се потврди дека реализираните трошоци се во согласност со одобрениот буџет на проектот за дадениот период и во согласност со процедурите на Фондот, како и да се оценат остварените резултати по завршувањето на проектот.

Методите на надзор вклучуваат:

- разгледување и одобрување на извештаите поднесени од страна на корисникот;
- теренски посети на корисниците и членовите на конзорциумот;
- евалуација на остварените резултати од проектот и длабинска деловна и финансиска анализа.

Во 2020 година корисниците на финансиска поддршка, преку инструментите за поддршка на Фондот, доставуваа квартални и завршни извештаи во согласност со процедурите на Фондот. Заради големиот бројот корисници, покрај мониторинг тимовите составени од вработени/ангажирани лица во Фондот, се продолжи со ангажман на надворешни ревизорски куќи, спроведен по пат на тендер, при што повторно беа избрани две големи ревизорски куќи (Дилоит ДОО и Грант Торнтон ДОО) кои учествуваа во спроведување на мониторингот на проектите на корисниците во согласност со утврдените правила и процедури на Фондот. За сите корисници чии проекти започнаа во кон крајот на 2019 година и во текот на 2020 година, беа одржани инфо-сесии за имплементација на проектите. Беа одобрени околу 650 извештаи (квартален и завршен) и спроведени околу 150 теренски посети на корисниците на грантови. Теренските посети вклучуваа посета на деловниот простор на корисникот и средба со клучните луѓе на проектот со цел надзор над спроведувањето на истиот (на пр., придржување кон процедурите, постигнување на предвидените резултати, придржување кон временската рамка, придржување кон одредбите од договорот за доделување средства итн.), а дополнително, заради новонастанатата ситуација со КОВИД-19, се одржуваа и онлајн сесии (најчесто преку zoom) главно кај корисниците од ИТ секторот чиишто резултати можат да се оценат и онлајн преку компјутер. Корисниците од
првиот, вториот, третиот и четвртиот повик за инструментите за поддршка од Светската банка, чии проекти биле завршени до крајот на 2019 година, во текот на 2020 година ги доставуваа своите шестмесечни извештаи во предвидениот период.

На барање на корисниците, заради полесно надминување на ликвидносните проблеми кои настанаа од пандемијата со КОВИД-19, ФИТР им остави можност за одложување на обврската за плаќање на ројалти за стекнатите приходи во 2019 година.
И покрај оставената можност, осум корисници извршија уплата на средства по основ на ројалти во износ од 138.899 денари, со што еден од корисниците, за прв пат откако е воспоставен Фондот, направи поврат на 120 % од добиениот кофинансиран грант.
Во текот на реализацијата на проектите, исто така, се вршеше надзор и од аспект на спроведување на плановите за животната средина од страна на стручни лица ангажирани од Фондот. Надзорот се спроведуваше преку разгледување и одобрување квартални извештаи поднесувани од корисниците и преку теренски посети на истите.

## ДРУГИ ПРОЦЕСИ

- ✓ ***Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување државјанство на Република Северна Македонија***

Фондот, во согласност со дополнувањето на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување државјанство на Република Северна Македонија, од крајот на 2019 година ќе утврдува постоење на особен економски интерес, ако странец кој поднел барање за стекнување државјанство на Република Северна Македонија, инвестирал капитал во износ од најмалку 200.000 евра по лице, во период од најмалку две години, во приватен инвестициски фонд. Утврдувањето на постоење особен економски интерес ќе биде во согласност со програмата на приватниот инвестициски фонд наменета за поддршка на економијата, иновациите и инвестицискиот развој на Република Северна Македонија; извештај за реализација на програмата и вложувањата на приватниот инвестициски фонд за инвестицијата наменета за поддршка на економијата, иновациите и инвестицискиот развој на Република Северна Македонија, во кој фонд има вложување странецот, издаден од страна на Друштво за управување со приватни фондови и други останати документи.

Во 2020 година Фондот формира Комисија за разгледување на инвестициски програми на приватни инвестициски фондови. Од страна на Комисијата беа разгледани 2 (две) програми, доставени од страна на приватни инвестициски фондови, со цел отпочнување на постапката за утврдување на постоење посебен економски интерес. По разгледување на истите, Комисијата изготви мислења за програмите кои беа доставени до Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој. Покрај другото, земајќи ги предвид и мислењата од Комисијата, Управниот одбор ги одобри програмите на приватните инвестициски фондови

✓ ***Протокол за постапување по поплаки поднесени до Фондот за иновации и технолошки развој***

Во 2020 година Фондот донесе Протокол за постапување по поплаки поднесени до Фондот за иновации и технолошки развој. Преку Протоколот се отвори можност систематизирано да се поднесуваат поплаки (но и пофалби) поврзани со работата на Фондот и квалитетот на услугите и процесите, професионалниот однос на сите лица кои се ангажирани од Фондот (вклучително и надворешни соработници на Фондот). Преку воведување на овој систем Фондот е во корелација со светските пракси за транспарентно и соодветно постапување при добиени коментари (поплаки/пофалби), со што и степенот на транспарентност е уште поголем. Од друга страна, евиденција и чување на базата за примени поплаки/пофалби во иднина ќе се користи како основ за промена на одредени процеси и подобрување на имиџот на Фондот преку зголемување на професионалноста во работата и транспарентноста.

Воведувањето на овој протокол е поддржано од страна на нашите партнери од Светската банка кои дадоа свој придонес во креирање на Протоколот.

Во согласност со Протоколот беше формирана Комисија за постапување по поплаки поднесени до Фондот за иновации и технолошки развој. Во текот на 2020 година беа поднесени 2 (две) поплаки до Фондот за иновации и технолошки развој кои беа разгледани од страна на Комисијата и беа доставени извештаи за истите до Директорот на Фондот.

За работата на Комисијата изготвен е годишен извештај, кој содржи податоци за пристигнати поплаки и како е постапено по истите. Извештајот содржи предлог за подобрување на одредени процеси во Фондот.

## ПАРТНЕРИ

### Партнерство со домашни институции и организации

Фондот ја продолжи успешната соработка со Владата на Република Северна Македонија, Министерство за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Кабинетот на вицепремиерот задолжен за економски прашања и другите економски ресори, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и рурален развој, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Државниот завод за заштита на индустриска сопственост, Државниот завод за статистика, Македонската банка за

поддршка на развојот, Министерството за здравство и други владини, невладини институции, како и единиците на локална самоуправа.

Во рамките на активностите на партнерство и соработка со домашни институции, Фондот имаше остварено соработка и потпишано Меморандуми за соработка со:

- ✓ *Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење Македонска банкарска асоцијација МБА*

На 17 јануари 2020 година Фондот за иновации и технолошки развој и Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење Македонска банкарска асоцијација потпишаа Меморандум кој имаше за цел унапредување на соработка помеѓу двете институции и остварување на следните цели:

- Поттикнување и афирмација на активности од заеднички интерес;
- Промовирање на можности за финансирање и олеснување на пристапот до капитал на микро, мали, средни и старт-ап компании;
- Промовирање на иновации и технолошки развој во земјата и
- Промоција на економски раст и одржлив развој преку поттикнување на претприемачката култура.

Меѓусебната соработка опфати различни домени од делокругот на нивната работа, а посебно внимание се посвети на идентификување на компании кои се јавувале како апликанти на повиците на Фондот и не се избрани за доделување финансиска поддршка од страна на Фондот, а со цел разгледување на можностите за добивање финансиска поддршка за реализирање на нивните бизнис планови од страна на банките членки на МБА. Идентификување на компаниите корисници на финансиска поддршка од Фондот, кои би имале интерес за дополнителна финансиска поддршка од страна на банките членки на МБА, со цел поддршка при реализација на нивните бизнис планови.

- ✓ *Институт за економски истражувања и политики ФИНАНЦЕ ТХИНК Скопје*

Фондот за иновации и технолошки развој го зголеми бројот на свои соработници давајќи му поддршка на Институтот за економски истражувања и политики ФИНАНЦЕ ТХИНК Скопје во спроведување на проектот „Промовирање докази и дијалог за зајакнување на ефектот од државната помош врз благосостојбата на потрошувачите во Северна Македонија", кој е финансиран од Кралството Норвешка и во чии рамки се спроведува истражување на ефектите од доделувањето државна помош со помош на ригорозна квантитативна техника импакт евалуација, за која цел се избрани за евалуација две програми на државна помош, првиот и третиот столб од Планот за економски раст 2017-

2020 од Владата на Република Северна Македонија.

- ✓ *Асоцијација на старт-ап заедница на Република Северна Македонија СТАРТАП МАКЕДОНИЈА*

Со цел спроведување и јакнење на меѓусебната соработка, како и насочување на своите напори кон поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес, пред сѐ во областа на иновациската дејност и старт-ап заедницата, на ден 3.12.2020 година се потпиша меморандум за соработка помеѓу Фондот за иновации и технолошки развој и Асоцијација на страт-ап заедница на Република Северна Македонија СТАРТАП МАКЕДОНИЈА.
Меѓусебната соработка е насочена кон развој и унапредување на иновациската дејност и стартап заедницата, со дигитализација на старт-ап екосистемот и транспарентно достапни податоци. Едни од планираните активности во рамки на овој меморандум се подобрување на законската регулатива за старт-ап компаниите и доближување на старт-ап компаниите до странскиот пазар.

- ✓ *Министерство за локална самоуправа*

Во ноември 2020 година Фондот за иновации и технолошки развој и Министерството за локална самоуправа потпишаа меморандум за меѓусебна соработка што ќе овозможи реализација на ваучерската програма за градење на капацитетите на претпријатијата во Република Северна Македонија. Соработката ќе се оствари преку Регионален бизнис центар во рамки на Центрите за развој на планскиот регион. Заедно со Швајцарската влада, преку проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој",
Министерството за локална самоуправа обезбедува 3 милиони денари или 51 отсто, а Фондот за иновации и технолошки развој другите 49 проценти од средствата за финансиска поддршка наменета исклучиво за ваучерска програма за градење на капацитетите на претпријатијата во земјава.
На овој начин Фондот продолжува заедно со бизнис секторот да генерира нови инвестициски циклуси и забрзан економски раст базиран на иновации и технолошки развој, како и зголемување на бројот на вработувања. Целта на оваа соработка е да ги приближиме инструментите на Фондот и можностите за финансиска поддршка кои државата им ги нуди на домашните компании низ целата земја. Со ваков пристап на децентрализирана поддршка и информации сакаме да ги поттикнеме компаниите во сите плански региони.

- ✓ *Филозофски факултет Скопје*

Фондот за иновации и технолошки развој го зголемува бројот на свои соработници,

постојано стремејќи се да го унапредува образованието и воведувањето иновации во едукативниот процес. Меморандумот, потпишан со Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје во декември 2019 година, имаше за цел:

- Истражувања и поддршка на наставно-научни настани кои го промовираат концептот на иновативност во образованието, науката и општеството;
- Поддршка на Меѓународната недела на тема „Иновациите во хуманистичките и општествените науки“, која ќе се одржи во февруари 2020 година и на која обраќање имаше претставник од Фондот; и
- Стручна и научна експертиза од доменот на хуманистичките и општествените науки, за потребите на Фондот за иновации и технолошки развој.

Во рамките на веќе остварените соработки со подолунаведените институции, во 2020 година продолжи реализацијата на истите, и тоа:

- согласно соработката со Министерството за образование и наука, беше организиран натпревар за финансирање на истражувачки проекти во основните и во средните училишта – Предизвик за млади истражувачи 3;
- согласно остварената соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, истата продолжи со реализирање на Јавниот повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија – 02 Предизвик.
- согласно остварената соработката со Министерството за труд и социјална политика, во текот на 2020 година продолжи реализацијата на проектот „Сите сити“ во рамки на јавниот повик - Предизвик за иновативно решение за обезбедување на #Оброк за сите.
- согласно остварената соработка со Министерството за транспорт и врски, продолжи реализацијата на ПристАПП – информациски систем на управување во областа на патничкиот и товарниот сообраќај. Активностите поврзани со Фаза 4 – Тренинг на корисници и Фаза 5 – Поставување на решението во продукција, се одложени за реализација во периодот на одржување. Имплементацијата на овие активности е условена од обезбедувањето на инфраструктура за поставување на решението кај корисникот. Тренинг на корисниците е планиран во периодот на одржување на системот, и тоа еден месец пред истиот да биде пуштен во продукција, со цел крајните корисници да се обучат непосредно пред користење на системот. Во овој период ќе бидат доставени и корисничките упатства и тренинг материјалите за корисниците.

  Во овој период е потребно да се направи и финална миграција на последните тековни податоци во новиот систем. Дополнително, пуштањето на системот во продукција вклучува и пререгистрација на постојните корисници во новиот национален систем за единствена најава. Сите овие активности зависат од

обезбедувањето продукциска околина од страна на Министерството за транспорт и врски.

Фондот соработуваше и со другите институции кои обезбедуваат поддршка на секторот за микро, мали и средни претпријатија и во секторот на иновации, истражување и развој, преку организација на информативни настани, учество на конференции и други активности.

## Соработка со меѓународни партнери

Фондот воспостави, ја развиваше и ја продлабочуваше соработката и со меѓународните институции, како што се: Светската банка, Европската комисија, УСАИД, УНДП, УНИЦЕФ и други институции/организации за мобилизација на финансиски средства за постигнување на дефинираните цели. Во текот на 2020 година продолжи соработката со меѓународните партнери при што со дел од нив се потпишани и/или обновени меморандуми за соработка.

### Програма за развој на Обединетите нации (УНДП)

Во рамки на потпишаниот меморандум за соработка помеѓу Фондот за иновации и технолошки развој и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) продолжи соработката која опфаќа засилување на иновациските дејности и воведување иновативни процеси во јавниот сектор, поддршка за раст на малите и средните претпријатија, промоција на истражување и ефективни модели на управување, како и зголемување на соработката меѓу јавниот, приватниот и невладиниот сектор. Двете институции продолжија со поддршка на растот на микро, малите и средните компании преку спроведување иновативни решенија и услуги; соработка со домашните претпријатија, за да можат да ги остварат сопствените цели за одржлив развој заедно со развојните агенции и јавните институции; унапредување и промовирање на долгорочниот развој преку технолошки подобрувања и поддршка на развојот на дигиталните вештини, кои

треба да придонесат за создавање нови работни места, како и вклучување на жените во техничките и природните науки и во комерцијални проекти за да се пополнат родовите празнини на пазарот на трудот. Фондот и УНДП работат на подигање на свеста за нови иновативни пристапи, технолошки подобрувања, трансфер на знаење во различни индустрии и промоција на истражувањата меѓу академскиот и приватниот сектор.

Како резултат на таа соработка, во текот на месец ноември 2020 година, Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) објави повик за финансирање проекти за обезбедување на дигитални решенија /

алатки кои ќе се воведат во секојдневното работење на пет општини во Република Северна Македонија.

## Светската банка

Фондот ја прошири соработката со Светската банка во насока на градење и зголемување на капацитетите на оваа институција. Во втората половина на 2019 година започна со активности „Innovation and competitiveness Ecosystem Technical Assistance“, финансирана од страна на британскиот фонд GGICR (Good Governance and Investment Climate Reform) trust fund, а имплементатор е Светската банка. Времетраењето на техничката помош е во текот на целата 2020 година, сè до првиот квартал на 2021 година.

Техничката помош ќе биде фокусирана на следниве области за работа со Фондот:

- спроведување релевантна аналитика и дијагностика на тековните инструменти за поддршка и институционалната рамка (вклучително институционалната поставеност, овластувања и капацитет, законската и регулаторната рамка). Врз основа на тие анализи, генерирање препораки за подобрување на инструментите за поддршка и институционалната инфраструктура за нивна имплементација;
- зајакнување на владината поддршка за иновации преку поддршка во имплементација на препораките за инструментите за поддршка и институциите кои ќе ги спроведуваат. Ова вклучува:
  - а/ можна консолидација на инструментите, подобрување на истите и подобрување на правната рамка за инструментите и
  - б/ подобрување на капацитетите на институциите за имплементација на инструментите;
- подобрување на правната рамка за ризичен капитал во земјата, базирано на претходни анализи и дијагностики направени од страна на Светската банка;
- дизајнирање и поддршка на имплементација на програма за развој на побарувачката од страна на компании кои се развојно ориентирани и за кои инструментите за иновации и компетитивност ќе бидат соодветни, подобрување на граѓанскиот ангажман, опфатот и транспарентноста во однос на инструментите и нивната имплементација.

Во текот на 2020 година преку оваа техничка помош се разгледуваа механизмите за основање Фонд на фондовите (Fund of funds) под водство на експертите од Светската банка и започна процес на идентификување на законски измени во делот на инвестициската регулатива со цел овозможување услови за создавање на ваков фонд како хибридна форма на еквити финансирање во текот на 2021 година.

Исто така, се направи анализа и разгледуваа предлози за промена во програмскиот дел насочен кон поддршка на приватниот сектор и беа разгледувани опции за промена во институционалниот сет-ап во насока на обезбедување ефикасен систем на поддршка на

приватниот сектор. Активностите продолжуваат со поголем интензитет во текот на 2021 година.

## Делегација на Европската Унија

Во текот на третиот квартал од 2020 година и по претходни работни средби со претставниците од Делегација на Европската Унија во Скопје, Фондот поднесе барање за финансирање во рамките на ИПА 3. Во случај на евентуално одобрување на средства преку ИПА 3, Фондот ќе развива инструменти за поддршка на **EU Green Deal** активности, при што побараниот износ на финансиска поддршка изнесува 20 милиони евра, додека кофинансирањето од страна на Фондот треба да изнесува околу 7,5 милиони евра.

## Регионален совет за соработка и Светски економски форум

Во текот на 2020 година Фондот стана дел од работната група за „Innovation and Competitiveness Accelerator" од Западен Балкан во организација на Регионалниот совет за соработка (RCC Regional Cooperation Council) и Светскиот економски форум (WEF World economic forum). Во рамките на акцелераторот на состанокот одржан во Тирана во февруари 2020 година, на кој присуствуваа претставници од земјите од Западен Балкан, се донесе заклучок за започнување иницијатива за формирање на Регионален фонд за иновации на ниво на Западен Балкан. Во текот на годината, ФИТР беше активен носител на процесот заедно со партнерите од Регионалниот совет за соработка и Светскиот економски форум, при што се направи првичен концепт за основање на Регионалниот фонд, кој во текот на вториот и третиот квартал од 2020 година беше дискутиран индивидуално со претставници од сите економии од регионот на Западен Балкан на билатерални средби. Претставниците на Фондот учествуваа на сите билатерални средби преку презентирање на направениот драфт концепт на Фондот.

Во текот на месец декември 2020 година, по финализирање на концептот и по официјализирање на оваа иницијатива за основање на Регионален фонд за иновации во рамките на софискиот самит на лидерите на економиите од Западен Балкан, пред членовите на работната група се презентираше последниот драфт кој ги вклучува сите предлози добиени во текот на билатералните средби. Во текот на 2021 година следува конкретен акционен план со цел започнување со конкретни активности на ниво на регион во што поскора иднина.

## Swiss State Secretariat for Economic Affairs Entrepreneurship Project

Во текот на 2020 продолжи соработката меѓу Фондот и SECO EP (Swiss State Secretariat for Economic Affairs Enerpeneurship Project) поддржан од Свис контакт (Swisscontact).

Во рамките на оваа соработка се поддржа креирање на физибилити студија (студија на издржливост), со помош на експерти од Startup Chile, за Македонското село.
Се изработи физибилити студија во која се презентирани неколку модели за функционирање на „Стартап селото“. Од истата произлезе дека се потребни дополнителни истражувања и консултации, со цел дефинирање на вистински одржлив модел.
Фондот за иновации и технолошки развој во моментов работи интензивно со сите засегнати чинители за креирање на целосно функционално „Стартап село“, што ќе обезбеди квалитетен простор за работа, живеење и вмрежување на младите луѓе кои започнале или ќе започнат нов бизнис. Во рамки на овој проект беше основан и Стартап совет чијшто фокус ќе биде државата да се позиционира како регионален стартап и иновативен хаб, како и трансформација на „Македонското село“ во „Стартап село“.

## Swiss Entrepreneurship Programme – Swiss EP

Во ноември 2019 година Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) и Швајцарската програма за претприемништво (Swiss Entrepreneurship Programme – Swiss EP) на Швајцарската амбасада во Северна Македонија потпишаа меморандум за соработка чија цел е поддршка за развој на иновативноста и претприемништвото во земјата.
Во 2020 година продолжи соработката во насока на засилување на соработката помеѓу институциите и претприемачите, како и индивидуална поддршка за надградба на институционалните капацитети, обука за подготовка на бизнис модели и комуникациските стратегии, обезбедување поддршка за бизнис ангели и инвеститори, како и воспоставување систем за следење на напредокот на компаниите кои работат на иновативни проекти.

## Програмата за социјално претприемништво на млади - UPSHIFT

Врз основа на Меморандумот за соработка за спроведување на „Програмата за социјално претприемништво на млади – UpShift“ помеѓу Фондот за иновации и технолошки развој и УНИЦЕФ, на 20.1.2020 г. се потпиша договор со Фондацијата за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија за имплементација на новата фаза од оваа програма.

Програмата е наменета за младите луѓе на возраст помеѓу 13 и 19 години кои треба да креираат претприемачки решенија за општествените проблеми и да се здобијат со претприемачки вештини кои ќе им помогнат при вработувањето. Во рамките на оваа програма во текот на 2020 година беа објавени два повика за учество во Програмата на кои се пријавија повеќе од 80 тимови. Од нив се селектираа 24 тимови, со вкупно околу 100 ученици кои учествуваа на тридневни работилници за развој на нивните идеи. На

овие работилници, освен учениците, учествуваа и 25 наставници ментори, кои се обучија како оваа методологија да ја применуваат во нивната секојдневна работа со учениците.

Последните две работилници, заради пандемијата со КОВИД-19, беа реализирани онлајн со користење на платформата ЗУМ и алатката Миро.

Вкупно 12 најуспешни идеи од овие три работилници се наградени со грант во вредност од 2.000 (две илјади) евра за реализација на идеите. Сите проекти се очекува да се комплетираат најдоцна до февруари 2021 година.

## „Поддршка на претприемничкото образование во Европа и Евроазија" – Junior Achievement

На 12.12.2019 година Фондот и УСАИД потпишаа Меморандум за соработка за спроведување на проектот „Поддршка на претприемничкото образование во Европа и Евроазија" со кој се утврдува заемната соработка и кофинансирањето на овој проект. Од 2017 година проектот, со поддршка на УСАИД, се спроведува на национално ниво од страна на Џуниор Ачивмент Македонија и цели да ги инспирира и подготви младите луѓе да успеат во глобалната економија преку развој и спроведување програми за претприемничко образование, финансиска писменост и подготвеност за работа. Проектот соработува со средни училишта, студенти, наставници и родители и други организации што пружаат поддршка, бизнис асоцијации, финансиски институции и водечки компании што сакаат да го поддржат претприемничкото образование во Северна Македонија. Проектот го подобрува партнерството меѓу бизнисите и училиштата со цел создавање генерација на млади луѓе способни да применат иновативни пристапи и техники во нивните наставни активности и луѓе кои ќе бидат подготвени за модерниот пазар на труд. Согласно потпишаните договори, спроведувањето на проектот Фондот ќе го поддржи почнувајќи од декември 2019 година до јануари 2021 година. Во текот на 2020 година активностите поддржани од Фондот вклучуваа: Одржување на 6 обуки за наставници и 153 сертифицирани наставници од 90 средни училишта, за менторство во програмата на Џуниор Ачивмнет за ученичка компанија; Во имплементацијата на програмата за ученички компании на Џуниор Ачивмент Македонија беа вклучени 502 ученици во 48 ученички компании од 32 средни училишта (гимназиски и стручни). Беше спроведен 1 камп на иновации, кој овозможи 111 ученици, од 14 средни училишта од 10 градови, да учествуваат во најдобар бизнис план и презентација за производ или услуга на различни економски теми; Вкупно 236 ученици поминале на финалниот испит за сертификација на стекнати претприемачки вештини; Беше организирани еден Национален натпревар каде 228 ученици имаа можност да се натпреваруваат за титулата најдобра ученичка компанија на Северна Македонија и 4 ученици и еден ментор наставник да бидат

учесници на Европскиот натпревар во Португалија.

## Соработка со државата Израел

Во текот на 2020 година Фондот за иновации и технолошки развој ја засили соработката со Израел. Во партнерство со Кајама - Центарот за одржлив дизајн од Израел заедно со Дан Оријан – Амбасадорот на Израел во Република Северна Македонија и Директор на Државите од Балканскиот Регион при Министерството за надворешни работи на Израел и Министерството за надворешни работи на Израел, а во рамки на јавниот повик О2 предизвик 2 „Справување со климатските промени", беа спроведени менторски сесии за заинтересираните потенцијални апликанти на повикот. Од страна на Кајама-Центарот за одржлив дизајн од Израел и Министерството за надворешни работи на Израел беа обезбедени специјални награди за 5 учесници на предизвикот коишто се состојат од студиски патувања во Израел во рамки на програмата „Start-up Nation & Mentorship". Наградите вклучуваат можност за средба и размена на искуства со водечки компании, акцелератори и хабови во областа на високата технологија и одржливост. Истите ќе бидат реализирани во текот на наредната година.

## ПРОМОЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во 2020 година Фондот продолжи со развој и имплементација на мултимедијален пристап во информирање на јавноста. Особено заради КОВИД – пандемијата, поголем акцент беше ставен на дигитална комуникација и онлајн презентација на сите информации поврзани со работењето на Фондот. Заради променетиот начин на комуникација, беше воведен и нов пристап во испраќање информации до медиумите. Сите информативни настани, средби, конференции и панел дискусии кои се одржаа онлајн, беа проследени со специјален мултимедијален пакет од видео и фото понуда со цел зголемена видливост на активностите и новостите од Фондот, како и можност за поголема покриеност на публиката. Сите официјални настани, прес-конференции поврзани со објавувањето на јавните повици за финансирање и промоција на останатите активности на Фондот, свечени настани за доделување договори за кофинансирани грантови кои беа одржани во живо, беа направени согласно здравствените заштитни протоколи.

Заради променетите околности во време на пандемија, Фондот стави акцент на делот посветен на односи со јавноста и промоција и се воведоа дополнителни механизми за директна и индиректна комуникација со јавноста и со корисниците.

Годинава Фондот особено се фокусираше на зголемена присутност на социјалните медиуми (Фејсбук и Твитер) и воведе нови механизми за комуникација. Според статистиките, посетеноста и интеракцијата од следбениците на Фејсбук, и во 2020 година е задржан трендот на зголемен број поддржувачи, и тоа над 35.000 и до 500.000 рич месечно. За 1.000 следбеници е зголемен и бројот на следачи на официјалниот Инстаграм профил на Фондот каде веќе има над 1.700 следбеници. Зголемен број објави има и на Youtube каналот на кој се споделуваат видеостории поврзани со настани на Фондот или проектите на корисниците.

Продолживме со праксата за испраќање (Newsletter) њузлетер. Истиот се испраќа еднаш месечно и содржи различни информации поврзани со тековните активности на Фондот и информации поврзани со поддржаните проекти или настани. Њузлетерот се испраќа на повеќе од 3.000 адреси, меѓу кои до компании корисники, институции, медиуми како и потенцијални корисници кои го споделиле својот контакт на јавни настани организирани од Фондот или тековно се пријавуваат за истиот.

Фондот го промени изгледот и уредувањето на официјалната веб-страница со цел да стане подостапна за граѓаните, корисниците и да понуди полесно интерактивно пребарување на податоците. Страницата засега има македонска и англиска верзија. Фондот и во 2020 година на својата веб-страница континуирано објавуваше информации и извештаи за сите настани и активности поврзани со работата, а постојано беше обновувана содржината во делот на регулативата. Годинава фокусот беше ставен не само на промоција на Фондот преку работата на одделението за комуникација, туку и на она што другите (компаниите корисники) имаат да кажат за нас и за поддржаните проекти кои ги спроведуваат.

Во првите месеци од годината (до крајот на април) се спроведуваше започнатата комуникациска кампања #Успешни приказни – дел од комуникациската стратегија која има за цел зголемување на нивото на свесност за резултатите од работата на ФИТР. Во рамките на оваа стратегија беше изработен и план за сеопфатна кампања која беше предвидено да се реализира во неколку фази. Главната порака на кампањата е „Создаваме успешни приказни“, а за истата беа изработени специјални креативни решенија и логоа и снимени над 20 видеостории на компании (дел емитувани и на ТВ). Кампањата беше прекината заради владините мерки и препораки за државни институции, но повторно реактивирана на крајот од годината.

Фондот иницираше и кампања насловена како „Придонеси и ти“ во рамките на која беа поттикнати општествено одговорните компании, корисники на средства од ФИТР, да донираат производи и услуги на лицата погодени од КОВИД – пандемијата, како и за општата јавност. Во кампањата се вклучија над 30 компании со проценета сума на

донации над 500.000 евра. Со оваа кампања поттикнавме и компании кои не се корисничкки на Фондот да се вклучат со свој придонес.

Во рамките на оваа кампања, во соработка со повеќе радиостаници и медиуми, меѓу кои Метрополис радио-мрежата, Канал 77, Македонско радио и ТВ магазинот Бекстејџ, се спроведе и кампањата „Позитивни вести" во време на пандемијата со КОВИД-19. Избор од позитивни вести од странство, Северна Македонија и инфо за компаниите корисничкки на ФИТР кои придонесуваат во време на пандемијата со КОВИД-19, беа снимени во едноминутен формат и емитувани 7 пати на ден во периодот од март до октомври. Беа емитувани над 200 позитивни вести.

Изработено е и специјално издание по повод 5-годишнината од ФИТР, во кое се содржани информации поврзани со работењето и резултатите на Фондот, а се претставени и дел од компаниите корисничкки. Изданието е достапно онлајн на веб-страницата на Фондот – www.fitr.mk, на македонски, англиски и албански јазик.

Преку повеќе медиумски форми и алатки беа презентирани и резултатите од сеопфатната економска анализа за ефектите и придобивките за домашната економија и за државниот буџет од досегашните инвестиции на Фондот, која беше изработена во соработка со релевантни институции/експерти.

Во однос на транспарентност и отчетност изготвен и имплементиран е и План за транспарентност и комуникација како задолжителен дел од договорите со корисниците. Сите компании/организации корисничкки на средства од која било од Програмите на Фондот, се задолжени да ја информираат јавноста за активностите и резултатите во реализацијата и по завршувањето на нивните проекти.

## ОРГАНИЗАЦИЈА

### Организациска структура

Организациска структура во Фондот за иновации и технолошки развој остана непроменета во текот на 2020 година:

- ✓ Директор;
- ✓ Сектор за програмски активности;
    - Одделение за подготовка на програми,
    - Одделение за спроведување на програми,
- ✓ Сектор за општи и правни работи и финансии;
    - Одделение за правни работи, јавни набавки и архива,

- Одделение за финансии и сметководство.

Заклучно со 31.12.2020 година во Фондот имаше вкупно 8 вработени на неопределено време. Во согласност со Годишниот план за вработување за 2020 година, не беа предвидени нови вработувања на административни службеници. Со цел зајакнување на капацитетите на Фондот, а врз основа на потребите на истиот, во текот на 2020 година дополнително се ангажираа и определен број лица со договор за дело, како и 2 лица преку Проектот за развој на вештини и иновации.

Со цел поквалитетно исполнување на предвидените активности и развој на своите капацитети, Фондот продолжува со исполнување на следните активности:

1/ Планирање обуки и нивно усогласување со потребите на организацијата,
2/ Прегледност и достапност на информации за сите вработени.

**Листата на настани, обуки и состаноци,** на кои присуствуваа вработени од Фондот во текот на 2020 година, вклучува:

- Во периодот 26-27 јануари беше одржан состанок на претставници на агенции/фондови за поддршка на иновации од регионот на Западен Балкан со Еврокомесарката за дигитализација, образование, наука и спорт Марија Габриел со цел зголемување на соработката и јакнење на капацитетите. Состанокот беше организиран и домаќини беа претставници на Агенцијата за поддршка на мали и средни претпријатија во Софија, Бугарија.
  Инфо-сесиите беа одржани во соработка со Стопанска комора на Република Северна Македонија;
- Во Скопје беа одржани инфо-сесии и за повикот по инструментот Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф (Стартапувај2), и тоа во соработка со ЕУ инфо центарот, МАСИТ и ФИНКИ;
- На 5 февруари претставник на ФИТР учествуваше на онлајн обука „Foresight and Scenario Planning Methodologies (Strategic Planning)", Centre for Excellence in Finance – Slovenia;
- Во текот на февруари беа организирани повеќе инфо настани/сесии поврзани со **„Предизвик за млади истражувачи 3",** во повеќе градови/општини низ Република Македонија;
- Презентација за повикот за **„Предизвик за млади истражувачи 3"** беше одржана на 7.2 во рамки на обуката за спроведување на програмата Ученичка компанија – втора фаза - организирана од ЈА Македонија;
- Беа одржани и инфо настани за повикот Стартапувај 2 во повеќе градови во Македонија, во соработка со Универзитетот „Св. Апостол Павле" - Охрид и МАСИТ; ФИКТ и Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип; Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј - Скопје;

- На 11.2 во просториите на ФИТР се одржа Консултативна дебата по однос на нацрт-правилникот за новата мерка наменета за поддршка на подготовка и присуство на ученици и млади на меѓународни манифестации од натпреварувачки карактер: „Правилник за доделување средства за поддршка на научно-технолошката извонредност и претприемништвото кај учениците и младите";
- На 26.2. се одржа панел дискусија наменета за старт-ап бизниси #StraightToThepoint# организирана од PwC Macedonia, на која присуствуваа претставници од ФИТР;
- Во периодот 27 – 29.2. во Струга се одржа тридневната работилница за социјално претприемништво, која се одржува во рамки на Програмата за младински социјални иновации – АПШИФТ, организирана од страна на Фондацијата ЦЕЕД Македонија. На настанот беа присутни двајца претставници од Фондот;
- На 3.3. беше одржана панел дискусија „Women in Adria и CEED Hub за поддршка на женско претприемништво во Македонија" на која учествуваше претставник на Фондот;
- на 24.3 претставник на ФИТР учествуваше на онлајн обука „Tips for Better Economic Policy Analysis Reporting", организирана од Centre for Excellence in Finance – Slovenia;
- На 22.4. претставник на Фондот присуствуваше на меѓународен состанок „Cooperation between the EU and Associated Countries on R&I actions on COVID-19" организиран од Европската комисија - DG Research & Innovation;
- На 6.5. беше одржана прес-конференција на која е објавен јавен повик О2 Предизвик 2 - Справување со климатските промени. Ова е прв регионален повик на ФИТР. Ќе се спроведува во партнерство со УНДП и Министерството за животна средина и просторно планирање, Амбасадорот на Израел во Р.Северна Македонија, Македонија 2025 и други партнерски организации;
- Согласнос со превентивните и рестриктивни мерки од Министерството за здравство, се одржа онлајн прес-конференција на која беше објавен јавниот повик Креатон. Повикот беше наменет за решенија за справување со последиците од кризата предизвикана од КОВИД-19;
- На 29.5 на онлајн прес-конференција е објавен јавен повик за кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19. Настанот се одржа во Медија центарот на Владата на РСМ. Повикот е наменет за микро, мали и средни компании, за брзо закрепнување;
- На 12.5 претставник на Фондот зема учество и имаше излагање на настан организиран од страна на World Economic Forum на тема Closing the innovation gap. На настанот беа присутни претставници од Западен Балкан и членки на ЕУ, Израел, Азија и Латинска Америка. Цел на настанот беше споделување на искуствата за мерките преземени од страна на државите за справување со последиците од КОВИД-19 и поддршка на приватниот сектор;

- Претставник на Фондот присуствуваше на вебинарот „Funding Policy to support scale-ups and save start-ups", организиран од Startup Genome;
- Претставник на Фондот присуствуваше на вебинарот PISA 2018 Results: Are Students Smart about Money, организиран од OECD;
- Претставник на Фондот беше панелист на вебинарот Eu4TechPoc за поддршка на предлог-проекти под проектот Eu4TechPoc;
- Во текот на 2020 Директорот на ФИТР, во соработка со Светскиот економски форум (World economic forum WEF) и Регионалниот центар за соработка (Regional cooperation center RCC), одржа повеќе билатерални средби со сите земји од регионот на Западен Балкан со цел прибирање фидбек за идејата за основање на регионален иновациски фонд. ФИТР беше активен носител на процесот, при што се направи првичен концепт за основање на Регионален фонд, потоа следуваше презентирање на драфт концепт за Регионален фонд и на крајот пред членовите на работната група се презентираше последниот драфт кој ги вклучува сите предлози добиени во текот на билатералните средби;
- Четири онлајн инфо-сесии поврзани со инструментот „Технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19";
- На 12.6. беше одржан онлајн настан за прогласување на 39 избрани училишта на Предизвикот за млади истражувачи 3. Настанот беше одржан преку платформата Зум во Медија центарот на Владата. На наградените тимови им се обратија премиерот и директорот на Фондот;
- На 19.6. се одржа онлајн прес-конференција за презентација на резултатите од јавниот повик за инструментот „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф" (Стартапувај 2). На настанот беа објавени и компаниите избрани за ко-финансирање во првиот бран. На настанот се обратија вицепремиерката задолжена за економски прашања и директорот на ФИТР;
- Претставник на Фондот присуствуваше на седницата на Националниот совет за одржлив развој одржана на 8.6.;
- Во јуни се одржа Национален натпревар за ученички компании Џуниор Ачивмент. По што се одржа прогласувањето на победниците од натпреварот за најуспешна ученичка компанија Џуниор Аџивмент. Настанот беше виртуелен, организиран од Џуниор Ачивмент Македонија;
- Претставник на Фондот учествуваше во ИПА Секторската работна група за образование, вработување и социјална политика, за Конкурентност и иновации и во ИПА секторската работна група за реформи во јавната администрација;
- Претставник на Фондот на 08/07 присуствуваше на состанок организиран од JRC (Joint Research Center) кој беше организиран на регионално ниво со цел споделување информација за статусот на процесот за смарт специјализација на ниво на секоја земја;
- Претставник на Фондот на 09/07 присуствуваше на состанок со претставници на

УНДП заедно со претставник на Фондот, поврзан со проектот за Climate change, со цел понатамошно финансирање на повикот поврзан со климатските промени, со заедничко финансирање од УНДП;

- На 12.8.2020 г. се одржа интровебинар, со FAO (Food agriculture organization) и GCF (Green Climate fund), на кој учествуваше претставник од ФИТР;
- На 27 август директорот на ФИТР имаше учество и обраќање на настан организиран од страна на World Economic Forum: „Accelerator learning network“. Учесници беа претставници на земјите од ЕУ и Азија;
- На 11.9.2020 г., во просториите на Фондот имаше презентација на јавниот повик за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери. На оваа презентација свои излагања имаа министерката за образование и директорот на ФИТР;
- На 19.09. се одржа прес-конференција во Медија центарот на Владата, за презентација на резултатите од јавниот повик КОВИД-19, наменет за надминување на последиците од КОВИД-19. На настанот беа објавени и компаниите избрани за кофинансирање во првиот бран. Свое обраќање имаше директорот на Фондот и Заменик-претседателот на Владата на РСМ;
- На 22.9. се одржа прес-конференција за презентација на резултатите од јавниот повик Стартапувај, наменет за поддршка на стартап и спиноф компании. На настанот беа објавени и компаниите избрани за кофинансирање во вториот бран. На настанот се обрати директорот на Фондот и Заменик-претседателот на Владата на РСМ;
- На 10.9.2020 г. имаше организирано јавна дискусија на тема „Стареење на населението, емиграција и раст“. На оваа дискусија присуствуваше директорот на ФИТР;
- На 25.9. се одржа работилница за разгледување нацрт-студија со секторска анализа на економските карактеристики на плански региони, Студија со секторска анализа на регионален развој и Студија со секторска анализа на поддршката на МСП и претприемништвото;
- На 25.9., се одржа електронска обука на тема „Knowledge sharing on costing of structural reforms“ од страна на CEF, за Програмата за економски реформи 2021-2023. Присуствуваа двајца претставници од Фондот за иновации и технолошки развој;
- На 2.10., во просториите на ФИТР беше објавен јавниот повик „Дигитализација на услугите на локалната самоуправа“, во соработка со УНДП. На овој настан свое обраќање имаше директорот на Фондот и претставникот од УНДП Нарије Сахакјан. По ова следуваше онлајн инфо-сесија за јавниот повик на која, покрај претставник од Фондот, присуствуваа и претставници од ФИНКИ, УНДП, како и над 40 потенцијални апликанти;

- На 7.10. директорот на Фондот, на настанот кој се одржа во просториите на Фондот, ги презентираше резултатите од О2 предизвик 2 - Справување со климатските промени;
- Во октомври претставник на ФИТР присуствуваше на тродневната обука во организација на ЦА Македонија со наставници од средно образование на тема „Социјално претприемништво“;
- Во ноември претставник на ФИТР учествуваше на „SMARTER Conference Webinar Series: Smart Specialisation for Sustainable Development Goals“, организирана од JRC European Commission;
- На ноември се одржа состанок со бизнис центрите - плански региони. Во текот на декември, во повеќе наврати се одржаа обуки за бизнис центрите од планските региони;
- Наши претставнициземаа учество на обуката која се одржа на 01.12. за системот за координација во планирањето, спроведувањето, мониторинг и евалуација на политиката за рамномерен регионален развој (СиРеРа );
- На 3.12. претставник од ФИТР учествуваше на обука за Green development fund, на која се говореше за стратегијата, политиките и процедурите кои се развиваат во рамките на ЕУ, а кои треба да нѐ опфатат и нас како регион, со цел во 2050 г. Европа да стане неутрален континент во кој загадувањето ќе се сведе на минимум;
- Во просториите на ФИТР на 17.12. се одржа прес-конференција на која се информираше за основањето на Стартап советот, чија примарна цел е да ја претставува стартап заедницата и да ги застапува нејзините интереси. Свое излагање имаше в.д. директорот на ФИТР Костадин Петров;
- В.д. директорот Костадин Петров имаше свое излагање на третиот Демо Ден на Сивус акцелераторот.

Фондот ќе продолжи со циклусот на настани, обуки и студиски посети, како дел од градење на капацитетите на Фондот.

## Управување

Во 2020 година **Управниот одбор** на Фондот одржа 21 седници.

Во делокругот на работата на Управниот одбор во текот на 2020 година, со одлуки беа донесени или усвоени следните документи и акти на Фондот:

- донесување Годишен извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година;
- донесување правилник за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери;

- донесување тарифник за утврдување на висината на надоместокот на комисијата за разгледување и избор за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери;
- донесување апликација за иновациски ваучери;
- донесување текст за Јавен повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта - „Предизвик за млади истражувачи 3";
- донесување Правила за организирање и спроведување натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области на науката и технологијата;
- донесување одлука за доделување финансиска поддршка на техничко иновативни решенија од ФинХакатон2;
- донесување одлука за доделување финансиска поддршка на СОУ Гимназија „Мирче Ацев"- Прилеп;
- донесување одлука за доделување финансиска поддршка на Приватното училиште „Јахја Кемал" - Струга;
- донесување одлука за доделување финансиска поддршка на Студентскиот парламент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје;
- донесување одлука за доделување финансиска поддршка на Сојузот на математичари на Македонија;
- донесување одлука за доделување финансиска поддршка на Здружението за едукација и иновативно учење „Академија за роботика и иновации";
- усвојување на Пописот за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој;
- усвојување на Годишната сметка на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година;
- усвојување предлог-текст за Јавен повик О2 ПРЕДИЗВИК 2 „Справување со климатските промени";
- донесување измена на текстот на Јавниот повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и во средните училишта „Предизвик за млади истражувачи 3";
- донесување Правила за дополнување на Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата;
- донесување текст за Јавен повик за финансирање на креативни решенија за обезбедување подобар квалитет на живот во вонредни околности - ФИТР КРЕАТОН *„Остани дома, спаси живот, БИДИ КРЕАТИВЕН, ПОМОГНИ";*
- донесување измена на текстот за Јавен повик за доделување средства преку О2 ПРЕДИЗВИК 2 - „Справување со климатските промени";
- донесување Правилник за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19;
- донесување Одлука за поништување на Јавен повик за доделување средства преку

О2 Предизвик - „Справување со климатските промени“;

- донесување дополнувања на Планот за јавни набавки на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година;
- донесување Деловник за работа на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој;
- донесување Одлука за зголемување на буџетот за финансирање на истражувачки проекти во основните и во средните училишта - Предизвик за млади истражувачи#;
- донесување текст за Јавен повик за доделување средства преку О2 ПРЕДИЗВИК 2 - „Справување со климатските промени“;
- донесување Протокол за постапување по поплаки поднесени до Фондот за иновации и технолошки развој;
- одлука за избор на претседавач на Управниот одбор;
- предлог за избор на претседател на Управниот одбор;
- донесување одлука за објава на меѓународен оглас за избор на членови на Комитетот за одобрување инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој;
- донесување одлука за доделување финансиска поддршка од Здружението за социјални иновации „АРНО“;
- донесување одлука за доделување финансиска поддршка на Студентскиот парламент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжиенерство - Скопје;
- донесување одлука за овозможување промени при спроведување на проектите одобрени за финансирање под јавниот повик за финансирање проекти во основните и во средните училишта „Предизвик за млади истражувачи 2“ и јавниот повик за финансирање проекти во основните и во средните училишта „Предизвик за млади истражувачи 3“;
- решение за предвремено разрешување на директорот на Фондот за иновации и технолошки развој;
- предлог за именување Вршител на должност директор на Фондот за иновации и технолошки развој;
- донесување предлог-одлука за доделување финансиска поддршка од Здружението за социјални иновации „АРНО“;
- донесување известување за реализација на иновациски ваучери;
- информација за Упатство за транспарентност и комуникација со јавноста за корисниците на средства доделени преку иновациски ваучери;
- информација за Статут и Проспект на приватниот инвестициски фонд Норт Македониа Индустриал Иноватион (донесен заклучок);
- информација за Статут и Проспект на приватниот инвестициски фонд Норт Македониа Економик Девелопмент (донесен заклучок);
- информација за формирање Комисија за одобрување на програми доставени од приватните инвестициските фондови;

- информација за склучување Меморандум за соработка со Старт-ап Македонија;
- информација за формирање Старт-ап Совет на Фондот за иновации и технолошки развој;
- донесување предлог-правилник за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст;
- донесување предлог-текст на Јавен повик за доделување на средства преку „СТАРТАП ПРЕДИЗВИК ЗА МОБИЛНОСТ";
- донесување предлог – Годишна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021 година;
- донесување предлог – Годишен финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021 година;
- донесување предлог – Среднорочна програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за периодот 2021-2023 година;
- Донесување предлог–одлука за одобрување на програмата на приватниот инвестициски фонд Норт Мацедониа Индустриал Иноватион;
- Донесување предлог–одлука за одобрување на програмата на приватниот инвестициски фонд Норт Мацедониа Економик Девелопмент.

**Комитетот за одобрување инвестиции**
(во понатамошниот текст „КОИ") во 2020 година одржа 14 седници.

**Првата седница** на КОИ се одржа на 21.1. и 25.1.2020 година. На седницата беше донесена одлука за финансирање на 29 предлог-проекти од повикот по инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој" (скратена постапка). Во текот на двата дена беа разгледувани и барања за промени во имплементација на проектите на корисници на Фондот. Во периодот 22-24.1.2020 година беа одржани индивидуални состаноци со апликанти од истиот повик заради појаснување на определени прашања од апликациите и евентуално доставување дополнителни материјали.

**Втората седница** на КОИ се одржа на 10.3.2020 година. На втората седница беа донесени индивидуалните одлуки за финансирање на проектите од повикот „Кофинансирани грантови за технолошки развој" (скратена постапка), а беа разгледувани и барања за промени во имплементација на проектите на корисници на Фондот.

На **третата седница,** одржана на 13.3.2020 година, КОИ одлучуваше за предлог-проектите од повикот по инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој" (редовна постапка). Дополнително, беа одржани и десетина индивидуални состаноци со апликанти од повикот заради појаснување на определени прашања од апликациите. Повторно се разгледуваа барања од корисниците за промени во имплементација на проектите, а се

одлучуваше и за други прашања поврзани со Деловникот за работа на комитетот и сл. Беа разгледувани и барања за промени во имплементација на проектите на корисници на Фондот.

На **четвртата седница,** која се одржа на 8.5. (прв ден) и 11.5.2020 година (втор ден), покрај за редовните барања за промени во имплементација на проектите од страна на корисниците, се одлучуваше и за апликациите од Повикот по инструментот Кофинансирани грантови за технолошки развој – редовна постапка, со кој беше одобрено кофинансирање за 25 апликанти од овој повик. Единаесет (11) апликанти беа условно одобрени од страна на Комитетот за одобрување инвестиции (КОИ) по проценета на ризиците за спроведување на предложените проекти, предизвикани од ситуацијата со пандемијата од КОВИД-19. Одлуката за овие проекти ќе биде донесена по завршување на вонредната состојба предизвикана од вирусот и по повторна процена на состојбата со проектите.

На **петтата седница,** која се одржа на 29.5., 5.6. и 8.6.2020 година, се одлучуваше за финансирање на проектите од повикот Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва „Стартап" и Спиноф" - Стартапувај 2, како и за дел од апликантите кои поднесоа аргументи на коментарите од страна на КОИ а беа во рамки на повикот по инструментот Кофинансирани грантови за технолошки развој (редовна постапка). Во текот на јуни, пред донесувањето на конечните одлуки, беа одржани и индивидуални состаноци со претставници на овие апликанти. Дополнително, во согласност со редовната пракса на состаноците на КОИ, беа разгледувани и барања за промени во имплементација на проектите на корисници на Фондот.

**Шестата седница** на КОИ се одржа на 30.6.2020 година и на истата беа разгледувани барања за промени во имплементација на проектите на корисници на Фондот.

На **Седмата седница** на КОИ, која се одржа на 2.7.2020 година, покрај одлуки за редовните барања од корисниците поврзани со нивните проекти, се носеа и индивидуални одлуки за апликантите од повикот за Кофинансирани грантови за технолошки развој (редовна

постапка), а се одлучуваше и за условно одобрените апликации во рамки на истиот повик.

На **осмата седница,** одржана на 14.7.2020 година, продолжи одлучувањето за условно одобрените апликации во рамки на повикот Кофинансирани грантови за технолошки развој (редовна постапка), а се одлучуваше и за финансирање на проектите чии апликанти поднесоа аргументи на коментарите на КОИ во рамки на повикот Стартапувај 2. КОИ носеше одлуки и по барањата за промени во имплементација на проектите од страна на корисниците на Фондот.

На **деветтата седница,** одржана на 30.08.2020 година, продолжи одлучувањето за условно одобрените апликации во рамки на повикот Кофинансирани грантови за технолошки развој (редовна постапка). КОИ беше информиран за проширувањето на буџетот во рамки на повикот Стартапувај 2 и можноста за дополнително одобрување на проекти за финансирање. Беше одлучувано и по барањата за промени во имплементација на проектите од страна на корисниците на Фондот.

**Десеттата седница** на КОИ се одржа на 10.9., 11.9. и 29.9.2020 година. На оваа седница се донесуваа одлуки за финансирање на проекти во рамки на повикот Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19 (повик КОВИД-19), а се одлучуваше и за финансирање на преостанатите апликации од Стартапувај 2. КОИ беше известен и за тековни отворени прашања поврзани со корисниците и апликантите од претходните повици. Како вообичаено, се одлучуваше и по барања од корисниците. Дополнително се носеа и индивидуални одлуки за финансирање на апликантите во рамки на повиците Стартапувај 2 (втор бран) и Технолошки развој (редовна постапка).

**Единаесеттата седница** се одржа на 9.10.2020 година. На истата, покрај за редовните барања од корисниците поврзани со имплементацијата на нивните проекти, се одлучуваше за апликантите кои имаа аргументи на коментарите на КОИ во рамки на повикот КОВИД-19 и кои ќе бидат поканети на индивидуални состаноци со КОИ. Се разгледуваше и статусот на апликанти од претходни повици кои сѐ уште немаат потпишано договори со Фондот.

**Дванаесеттата седница** се одржа на 19.10.2020 година. На оваа седница се носеа индивидуални одлуки за финансирање на проектите во рамки на повикот КОВИД-19, а се носеа и одлуки за финансирање на апликанти кои имаа аргументи на коментарите на КОИ, а со кои беа претходно одржани индивидуални состаноци. Беше одлучувано и по барањата за промени во имплементација на проектите од страна на корисниците на Фондот.

На **тринаесеттата седница,** одржана на 6.11.2020 година, се донесоа индивидуалните одлуки за финансирање на апликантите со аргументи на коментарите на КОИ, а беше разговарано и за други отворени тековни прашања меѓу кои и за апликанти кои имаат поднесено слични проекти на ист повик (КОВИД-19). Беа донесени и одлуки по барањата за промени во имплементација на проектите од страна на корисниците.

**Четиринаесеттата седница** на КОИ се одржа на 20.11.2020 година. На оваа седница, покрај одлуки по барањата на корисниците, се донесуваа одлуки за отворени прашања од тековното работење: разгледување на барањата на апликантите од претходните повици кои сѐ уште немаат потпишано договори со Фондот, а се разгледуваше и статусот

на апликанти со тековни проекти во Фондот за кои Комитетот гласаше дека се спремни за финансирање и во рамки на повикот КОВИД-19.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Фондот за 2020 година имаше вкупни планирани расходи од Основен буџет, Буџет од заеми, Буџет од донации – Албанија, како и Донација преку УНДП - Дигитализација на услугите на локалната самоуправа и Самофинансирачката сметка во износ од 1.005.563.000 денари, додека до 31.12.2020 година беа вкупно реализирани расходи во износ од 926.275.433 денари, што претставува 92,11 % реализација на планот.
Исто така, планирани расходи имаше и од наменските сметки - Програма за рурален развој во износ од 25.898.136 денари, на која имаше вкупно реализирани расходи во износ од 2.630.567 денари, и сметката за Еквити и мезанин фондови, во износ од 50.000.000 денари, на која нема реализација, или вкупно планирани расходи од сите сметки во износ од 1.081.461.136 денари.

Во периодот од 1.1.2020 до 31.12.2020 година, планираните расходи од Основен буџет беа 708.520.000 денари, а реализирани беа 647.519.789 денари или 91,39 % реализација на планот (Табела 1). Салдото во девизната благајна на 31.12.2020 е 0 (нула) евра и во денарската благајна е 0 (нула) денари. Во Прилог 1 на овој годишен извештај е финансискиот извештај за период од 1.1.2020 до 31.12.2020 година.

**Табела 1. Преглед на финансиски расходи за 2020 година**

| Конто | Опис на конто | План за расходи од Основен буџет | Реализација од Основен буџет заклучно со 31.12.2019 | Остаток |
|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 3.606.000 | 3.604.081 | 1.919 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.404.000 | 1.398.958 | 5.042 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.500.000 | 875.421 | 624.579 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.500.000 | 2.382.196 | 117.804 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.000.000 | 699.377 | 300.623 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 2.300.000 | 2.140.511 | 159.489 |
| 425 | Договорни услуги | 85.000.000 | 84.983.269 | 16.731 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.600.000 | 1.311.680 | 288.320 |
| 464 | Разни трансфери | 608.710.000 | 549.675.974 | 59.034.026 |
| 480 | Купување опрема и машини | 450.000 | 0 | 450.000 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 450.000 | 448.322 | 1.678 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **708.520.000** | **647.519.789** | **61.000.211** |

Во периодот од 1.1.2020 до 31.12.2020 година, планираните расходи од буџет од заеми беа 288.763.000 денари, а реализирани беа 274.826.649 денари или 95,17 % реализација на планот (Табела 2). Фондот за иновации и технолошки развој средствата од заемот ги користеше за финансирање на следните инструменти: Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф; Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации; Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и Кофинансирани грантови за технолошка екстензија.

**Табела 2. Расходи за буџети од заеми**

| Конто | Опис на конто | Буџети од заеми (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2020 година |
|---|---|---|---|
| 464 | Разни трансфери | 288.763.000 | 274.826.649 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **288.763.000** | **274.826.649** |

Во периодот од 1.1.2020 до 31.12.2020 година, планираните приходи од Програмата за рурален развој беа 25.898.136 денари, од нив реализирани беа 2.630.567 денари или 10,16 % реализација на планот (табела 3). Средствата од оваа програма беа наменети, за исплата на средства по Јавен повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и во средните училишта – Предизвик за млади истражувачи 1, Предизвик за млади истражувачи 2 и Предизвик за млади истражувачи 3, како и за Предизвикот – Оброк за сите.

**Табела 3. Расходи според Програма за рурален развој**

| Конто | Опис на конто | Планиран износ од Програма за рурален развој (денари) | Реализа-ција заклучно со 31.12.2020 година |
|---|---|---|---|
| 425 | Договорни услуги | 460.953 | 460.953 |
| 464 | Разни трансфери | 25.437.183 | 2.169.614 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **25.898.136** | **2.630.567** |

Во периодот од 1.1.2020 до 31.12.2020 година, планирани расходи од буџет од донации беа 5.280.000 денари, а реализирани беа 3.928.995 денари или 74,41 % реализација на планот (Табела 4). Буџетот од донации се однесува на Донација од Албанија, на која

сметка нема реализација, и Донација од УНДП - Дигитализација на услугите на локалната самоуправа, на која има реализација од 3.928.995 денари.

**Табела 4. Буџет од донации**

| Конто | Опис на конто | Буџети од донации (денари) | Реализа-ција заклучно со 31.12.2020 година |
|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 100.000 | 0 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 60.000 | 0 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 60.000 | 0 |
| 425 | Договорни услуги | 1.000.000 | 0 |
| 426 | Други тековни расходи | 60.000 | 0 |
| 464 | Разни трансфери | 4.000.000 | 3.928.995 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **5.280.000** | **3.928.995** |

На самофинансирачката сметка на Фондот во текот на 2020 година нема реализација, односно износот е 3.000.000 денари.
На наменската сметка на Фондот за еквити и мезанин инвестиции во текот на 2020 година нема реализација, односно износот е 50.000.000 денари.

## ЗАКЛУЧОК

Во периодот од 1.1.2020 до 31.12.2020 година Фондот ги реализираше планираните активности според динамиката утврдена во Годишната програма за работа на Фондот за 2020 година, Годишниот финансиски план за 2020 година и Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за периодот 2018-2020 година.
Во текот на годината, Фондот реализираше шест јавни повици за финансирање предлог-проекти од приватниот сектор; Јавен повик за финансирање предлог-проекти преку Инструментот за поддршка - „Кофинансирани грантови за технолошки развој" редовна и скратена постапка и доделување финансиска поддршка преку инструментот „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф"-Стартапувај 2, кои беа објавени кон крајот на 2019 година, а аплицирањето заврши во 2020 година. Во 2020 година се доделуваше финансиска поддршка на средства преку Јавен повик за О2 Предизвик 2 „Справување со климатските промени". Како дел од

владината мерка за надминување на последиците од КОВИД-19 се објави повик за финансиска поддршка на претпријатијата зафатени со последиците од КОВИД-19 „Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19". Преку јавен повик за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери, Фондот спроведе финансиска помош која претпријатијата ја користат да покријат дел од трошоците за услугите кои ги нудат академските и научноистражувачките институции. Иновациските ваучери овозможуваат директен финансиски стимуланс и трансфер на знаење, со што се зголемува динамиката на развојот на производите и услугите, како и нивниот пласман на пазарот. Во соработка со УНДП, Фондот го менаџираше предизвикот „КОВИД-19 брза реакција - Дигитализација на услугите на локалната самоуправа".

Вкупното портфолио на Фондот за иновации и технолошки развој, заклучно со 31.12. 2020 година, по основ на сите три извори на финансиска поддршка на претпријатијата (План за економски раст (столб III), Проект за поддршка на вештини и иновации (Заем од Светската банка) и комбинирана програма (ПЕР + Светска банка)) изнесува вкупно 572 одобрени предлог-проекти.

Во табелата подолу се прикажани статусите на одобрените предлог-проекти:

| Статус на проект | Број на проекти |
|---|---|
| Тековен проект | 360 |
| Во фаза на потпишување на договор | 50 |
| Завршен проект | 124 |
| Во фаза на одобрување на завршен извештај | 14 |
| Откажан проект | 13 |
| Условно одобрен | 4 |
| Непочнат проект | 4 |
| Замрзнат проект | 3 |
| Вкупно | 572 |

Вкупното портфолио на Фондот изнесува 75.790.485,16 евра при што износот на финансиска поддршка од страна на Фондот е 42.562.803,15 евра, додека сопственото кофинансирање на компаниите изнесува 33.227.682,01 евра.

Поаѓајќи од значењето на човечките ресурси во поттикнување на иновативната дејност, Фондот дејствуваше во насока на јакнење на способностите и подобра реализација на потенцијалот на младите и на претставниците на академската заедница. Мерките насочени кон јакнење на човековите ресурси беа структурирани во две компоненти, и тоа:

1) Фонд за млади умови, компонента која пред сѐ ги таргетираше младите низ иницијативи поврзани со формалното и неформалното образование; и

2) Поврзување на академската заедница и индустријата, компонента која ја зајакнуваме и е насочена кон пренос на знаењата и резултатите од научните истражувања од академската и научната заедница во приватниот сектор.

Во текот на 2020 година Фондот ја продолжи соработката со постојните партнерски институции, а реализираше и иницираше соработка со други домашни и меѓународни институции и организации кои обезбедуваат поддршка во секторот на иновации.

Организирани беа информативни настани, средби, конференции и инфо сесии кои имаа за цел да придонесат кон подобро реализирање на програмата на Фондот за иновации и технолошки развој и подигање на свеста за значењето на иновациите кај бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка на Фондот и подобрување на квалитетот на предлог-проектите кои се доставуваат на отворените повици.

Вкупните приходи на Фондот за 2020 година беа во износ од 1.005.563.000 денари, и тоа од Основен буџет на РСМ во износ од 708.520.000 денари, од Задолжување кај Светската банка во износ од 288.763.000 денари, од Буџет на донации – Албанија и Донација од УНДП - Дигитализација на услугите на локалната самоуправа во износ од 5.280.000 денари, и од сметката на самофинансирање во износ од 3.000.000 денари остварени од уплата на ројалти од страна на корисници на грантови. Наедно Фондот реализираше приходи од Програмата за рурален развој во износ од 25.898.136 денари, како и наменската сметка за еквити и мезанин фондови во износ од 50.000.000 денари, или вкупен приход од сите сметки во износ од 1.081.461.136 денари.

Дел. Бр. 01-3165/7
29.10.2021, Скопје

Претседател на Управниот одбор
на Фондот за иновации и технолошки развој
Моника Јованова

ПРИЛОЗИ

Прилог 1. Финансиски извештај за расходи во периодот од 1.1.2020 до 31.12.2020 година

| Конто | Опис на конто | Основен Буџет 2020 (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2020 (денари) |
|---|---|---|---|
| **401** | **Основни плати** | **3.606.000** | **3.604.081** |
| 401110 | Основни плати - функционери | | 725.320 |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | | 2.584.582 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | | 19.242 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 274.937 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **1.404.000** | **1.398.958** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | | 939.070 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | | 374.862 |
| 402220 | Основни придонеси за професионално заболување | | 25.000 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | | 60.026 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **1.500.000** | **875.421** |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | | 7.068 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | | 39.845 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | | 33.973 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | | 769.068 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | | 25.467 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **2.500.000** | **2.382.196** |
| 421110 | Електрична енергија | | 227.596 |
| 421120 | Водовод и канализација | | 22.380 |
| 421130 | Ѓубретарина | | 56.066 |
| 421210 | Централно греење | | 815.439 |
| 421310 | Пошта | | 23.714 |
| 421320 | Телефон и телефакс | | 875.018 |
| 421390 | Други трошоци | | 23.047 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | | 58.500 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | | 16.461 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | | 263.975 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **1.000.000** | **699.377** |
| 423110 | Канцелариски материјали | | 201.772 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | | 71.205 |
| 423210 | Материјали за АОП | | 61.870 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | | 86.949 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 423590 | Други медицински материјали | | 159.590 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | | 76.662 |
| 423810 | Ситен инвентар | | 41.329 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **2.300.000** | **2.140.511** |
| 424110 | Поправки и сервисирање лесни возила (вкл. резервни делови, гуми) | | 40.530 |
| 424210 | Одржување на згради | | 1.278.852 |
| 424230 | Дезинфекција | | 15.930 |
| 424420 | Поправки и одржување софтверска и хардверска опрема | | 739.669 |
| 424440 | Поправки и одржување друга опрема | | 65.530 |
| **425** | **Договорни услуги** | **85.000.000** | **84.983.269** |
| 425110 | Изнајмување канцелариски простор | | 4.679.924 |
| 425130 | Изнајмување друг тип простор | | 690.576 |
| 425190 | Изнајмување друга опрема | | 1.032.279 |
| 425220 | Банкарски провизии | | 75.500 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | | 19.666 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | | 15.131 |
| 425310 | Правни услуги | | 1.373.909 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | | 800 |
| 425490 | Други здравствени услуги | | 163.200 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | | 782.450 |
| 425930 | Научно истражување | | 82.600 |
| 425990 | Други договорни услуги | | 76.067.234 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **1.600.000** | **1.311.680** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | | 351.087 |
| 426310 | Семинари и конференции | | 6.000 |
| 426410 | Објавување на огласи | | 697.449 |
| 426990 | Други оперативни расходи | | 257.144 |
| **464** | **Разни трансфери** | **608.710.000** | **549.675.974** |
| 464990 | Други трансфери | | 549.675.974 |
| **480** | **Купување опрема и машини** | **450.000** | **0** |
| **485** | **Вложувања и нефинансиски средства** | **450.000** | **448.322** |
| **485230** | Компјутерски софтвер | | 448.322 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 708.520.000 | 647.519.789 |

**Табела 2. Расходи за буџети од заеми**

| **Расходи за буџети од заеми** | | | |
|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис на конто** | **Буџети од заеми (денари)** | **Реализација заклучно со 31.12.2020 година** |
| **464** | **Разни трансфери** | 288.763.000 | 274.826.649 |
| 464990 | Други трансфери | 288.763.000 | 274.826.649 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **288.763.000** | **274.826.649** |

Табела 3. Расходи според Програма за рурален развој

| Расходи за Програма за рурален развој | | | |
|---|---|---|---|
| Конто | Опис на конто | Планиран износ од Програма за рурален развој (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2020 година |
| **425** | **Договорни услуги** | | **460.953** |
| 425990 | Други договорни услуги | | 460.953 |
| **464** | **Разни трансфери** | | **2.169.614** |
| 464990 | Други трансфери | | 2.169.614 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **25.898.136** | **2.630.567** |

Табела 4. Буџет од донации

| Расходи за буџет од донации | | | |
|---|---|---|---|
| Конто | Опис на конто | Буџети од заеми (денари) | Реализација заклучно со 31.12.2020 година |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | 100.000 | 0 |
| **421** | **Комунални услуги греење, комуникација и транспорт** | 60.000 | 0 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | 60.000 | 0 |
| **425** | **Договорни услуги** | 1.000.000 | 0 |
| **426** | **Други тековни расходи** | 60.000 | 0 |
| **464** | **Разни трансфери** | 4.000.000 | 3.928.995 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **5.280.000** | **3.928.995** |